# ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИНФОРМИРАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОБЛАСТА НА РЕПРОДУКТИВНОТО ЗДРАВЈЕ И НЕГОВАТА ЗАШТИТА ВО УЧИЛИШТАТА

Издание на:

Асоцијација за здравствена едукација и истражување – ХЕРА

Скопје, 2014 година

Истражувањето е спореведено во соработка со
Центарот за стручно образование и обука

Автор:

**м-р Лидушка Василеска, д-р спец.**

Советник за стручно образование и обука во здравствената струка ЦСОО

Истражувачки тим:

**м-р Лидушка Василеска, д-р спец.**

Советник за стручно образование и обука во здравствената струка ЦСОО

**Лепа Трпческа**

Раководител на Секторот за развој на стандарди и наставни планови и програми ЦСОО

**спец.Ардијана Исахи Палоши**

Советник за стручно образование и обука во хемиско-технолошката струка ЦСОО

Лектура: **Татјана Б. Ефитмоска**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

613.88-057.874:37.017(497.7)(043.31)

ВАСИЛЕСКА, Лидушка
Извештај од истражувањето за можностите за информираност на учениците од областа на репродуктивното здравје и неговата заштита во училиштата / [автор Лидушка Василеска]. - Скопје : Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2014. - 48 стр. : табели, граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 47

ISBN 978-608-4598-21-3

а) Ученици - Информираност за репродуктивно здравје - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 97294602

# БЛАГОДАРНОСТ

Голема благодарност за големиот придонес на учениците и наставниците од средните училишта на ниво на град Скопје, кои беа опфатени со ова истражување.

Се надеваме дека напорите што ги вложивме за подготовката на оваа проценка ќе бидат од корист при натамошното креирање и спроведување на политиките од областа на сексуалното и репродуктивното здравје.

# СОДРЖИНА

АКРОНИМИ И ДЕФИНИЦИИ ..... 5
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ..... 6
ВОВЕД ..... 9
ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 10
МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 13
АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 15
1. АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА УЧЕНИЦИ ..... 15
1.1. ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ОД СРЗ И НИВНА ЗАСТАПЕНОСТ ВО НАСТАВАТА ..... 15
1.2. ПОДГОТВЕНОСТА НА НАСТАВНИЦИТЕ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ ..... 25
1.3. ИНТЕРЕС ЗА ДРУГИ СОДРЖИНИ ОД СРЗ И ОСТАНАТИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ..... 28
2. АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА НАСТАВНИЦИ ..... 31
2.1. ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ОД СРЗ, НИВНА ЗАСТАПЕНОСТ ВО НАСТАВАТА ..... 32
2.2. ПОТРЕБА ОД ПОГОЛЕМА ЗАСТАПЕНОСТ НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ ..... 37
2.3. ПРЕДИЗВИЦИ И УСЛОВИ ЗА ПОДОБРА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ ..... 38
ДИСКУСИЈА ..... 42
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 45
БИБЛИОГРАФИЈА ..... 47

## АКРОНИМИ:

| | |
|---|---|
| **СЗО** | Светска здравствена организација |
| **СО** | Сексуално образование |
| **СРЗ** | Сексуално и репродуктивно здравје |
| **СПИ** | Сексуално преносливи инфекции |
| **СИДА** | Стекнат синдром на имунодефициенција |
| **ХИВ** | Хуман имунодефициентен вирус |
| **ХПВ** | Хуман папиломавирус |
| **НВО** | Невладина организација |
| **Х.Е.Р.А.** | Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| **ЦСОО** | Центар за стручно образование и обука |

## ДЕФИНИЦИИ:

СЗО го дефинира репродуктивното здравје како состојба на целосна физичка, ментална и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест, за сето она што е поврзано со репродуктивниот систем и неговото функционирање. Затоа, репродуктивното здравје се однесува на можноста луѓето да имаат задоволувачки и безбеден сексуален живот и на можноста за репродукција, како и да имаат слобода при донесувањето одлуки за тоа кога и колку често ќе го прават тоа.

Терминот сексуално здравје се користи за да се опише отсуството на болест и повреди поврзани со сексуалното однесување и чувството за сексуална благосостојба.
Дефинирано е како позитивна интеграција на физичкиот, емотивниот, интелектуалниот и социјаниот аспект на сексуалноста. Сексуалноста влијае врз мислите, чувствата, интеракциите и однесувањата меѓу поединците и ги мотивира луѓето да пронајдат љубов, контакт, топлина и интимност. Може да биде изразена на многу различни начини и да биде тесно поврзана со средината во која живеат луѓето.

Здравствената заштита поврзана со СРЗ е дефинирана како констелација на методи, техники и услуги кои придонесуваат кон репродуктивното здравје и благосостојбата преку превенирање и решавање на репродуктивните здравствени проблеми. Исто така го вклучува и сексуалното здравје, кое има за цел подобрување на животните и интимните односи, а не само советување и заштита поврзани со репродукцијата и сексуално преносливите болести.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Појдовна основа за ова истражување, од една страна, според досегашните истражувања и проценки, претставуваше сложеноста на ризиците кои ги преземаат младите со недоволна подготвеност со знаења и вештини за СРЗ и унапредувањето на СРЗ на секој поединец, како еден од приоритетите за стратешки развој на земјата и, посебно, здравјето на населението, од друга страна.

Од тие причини, она кон што беше насочено вниманието е согледување на можностите кои ги нуди воспитно-образовниот процес во училиштата за подобра информираност на учениците  за заштита на нивното репродуктивното здравје.

Основната цел на истражувањето беше да се опишат ставовите кои ги имаат учениците за можностите што ги нуди училиштето за добивање информации поврзани со СРЗ, како и ставовите на наставниците да предаваат за теми од оваа област.

За истражувањето најпрво е направена анализа на литературата која ги покрива подрачјата од интерес на СРЗ. Потоа се пристапи кон испитување на ставовите на учениците и на наставниците за обемот и видот на информации, како и начинот на кој учениците добиваат информации од областа на сексуалното и репродуктивно здравје и неговата заштита, но и потребите/предизвиците со кои се соочува наставниот кадар при имплементација на овие содржини.

За потребите на истражувањето, опфатени се ученици и наставници од средните училишта на ниво на град Скопје како мултиетнички град, во учебната 2013/2014 година.

Фокусот е ставен врз учениците кои ги посетуваат првите години во средните училишта, од причини што според наставните програми, учениците имаат пристап до информации за СРЗ уште од 7-8 одделение, како и поради тоа што едно од последните истражувања дава податок дека првите сексуални искуства кај младите од Македонија најчесто се случуваат помеѓу 14 и 15-годишна возраст. Направен е намерен примерок и од популацијата на наставници кои во училиштата предаваат наставни предмети чии содржини се релевантни во однос на репродуктивното здравје и неговата заштита (биологија, граѓанско образование, социологија, психологија), при што се опфатени и претставници од стручните служби во училиштето.

Примерокот се однесуваше  на 330 ученици и 110 наставници од 22 средни училишта, од кои 5 гимназии, 11 стручни училишта и 6 комбинирани училишта, или околу 5% од популацијата на ученици која се истражува и повеќе од 5% од наставниците кои предаваат во средните училишта

Од 330 ученици – испитаници, 255 или 77% беа од македонска етничка припадност и 75 или 22% од албанска етничка припадност, од кои 173 или 52% девојчиња и 157 или 47% момчиња.

Од 110 наставници опфатени во рамките на истражувањето, 85 или 77% беа од македонска етничка припадност и 25 или 22% од албанска етничка припадност, со укажување дека не можеше да се постигне  вооедначување со популацијата во поглед на опфатот на наставници по полова застапеност во рамките на училиштето. Од вкупниот број наставници, 58 се наставници кои предаваат општообразовни предмети, 34 наставници предаваат стручни предмети, 11 се педагози, 9 психолози и 2 социолози, со посебен акцент дека 78 од испитаниците се класни раководители, со оглед на природата на истражувањето.

Временската рамка во која беше реализирано истражувањето е мај 2014 година.

Според собраните податоци и анализата понудена во рамките на истражувањето, се дојде до следниве наоди.

# УЧЕНИЦИ И УЧЕНИЧКИ

Повеќе од половина од испитаниците (ученици и ученички) сметаат дека во редовната настава се обработуваат содржини кои се однесуваат на СРЗ.

Запрашани кои содржини што се однесуваат на заштитата на СРЗ најчесто ги обработуваат на училиште, ученците одговориле: заштита од ХИВ/СИДА (75%), (73,64%) пубертет, човекови права (65,45%), заштита од сексуално преносливи инфркции (62,42%), полови органи со 59,39%, правата на децата, застапено со 56,36%. За тоа дека на темите прв сексуален однос (16,06%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (11,52%) и употреба на орална контрацепција (11,21%) им се посветува мало внимание, се согласуваат и учениците и наставниците. Темата ранливи групи на граѓани (12,12%) е малку обработувана, според изјавите на учениците, додека за наставниците тоа е темата полови органи (16,36%).

Според добиените податоци, може да се констатира дека информациите за СРЗ и неговата заштита учениците во најголем дел ги добиваат на часовите по предметот биологија (81%).

На предметот биологија, од темите кои го опфаќаат СРЗ, најмногу се работи на: размножување на човекот (88%), полови одлики на човекот и полови органи (71%), пубертет (66%) и заштита од ХИВ/СИДА (63%). Од друга страна, на овој час малку внимание се посветува на употреба на кондом (21%), планирање на семејството и заштита од несакана бременост (21%) и употреба на орална контрацепција (8 %).

Повеќе од 82% од учениците посочиле дека за СРЗ најмногу се учи во осмо одделение.

Понатаму, 39,14% изјавиле дека реализирале часови по образование за животни вештини.

Запрашани за кои теми дискутирале на часовите на раководител на паралелката, учениците во најголем процент (50%) истакнале дека тоа е темата човекови права, а дека малку се работи на: род и пол (13%), употреба на кондом (12%), ранливи групи на граѓани (11%), планирање на семејството и заштита од несакана бременост (9 %), заштита од сексуална злоупотреба (9 %), полови органи (8 %), прв сексуален однос (6%), љубов (3%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи(3%), употреба на орална контрацепција (3%).

Ставовите на наставниците се многу слични со изјавите на учениците. Разлика постои само кај темата љубов, за која наставниците мислат дека и се посветува поголемо внимание (35%).

Учениците изјавуваат дека со темата прв сексуален однос (6%) се запознаени многу малку, а во исто време 50% искажуваат потреба од информираност за тоа кога е најдобро да се има првиот сексуален однос.

Со оглед на приложената анализа, во врска со динамиката на реализација на содржините од СРЗ според учениците, како најприфатлива во овој случај се чини констатацијата дека учениците во дисконтинуитет ги обработуваат содржините од СРЗ во наставата, наспроти наставниците, од кои 29% тврдат дека темите кои се однесуваат на СРЗ и неговата заштита се обработуваат еднаш месечно, при што, за 42,73% од нив, на овие теми им посветуваат по 30 минути од часот.

Речиси половина од испитаниците се задоволни со начинот на кој наставниците предаваат на темите за СРЗ, но како главни бариери се споменуваат недостатокот од време (43%) и реткоста на часовите за кои се зборува на овие теми (43%), а се споменува и недоволно отворениот начин кога се зборува за СРЗ (36%). Раководителите на паралелката, според 41% од испитаниците, се оние кому учениците и ученичките би се обратиле за проблем.

На учениците им требаат дополнителни информации за следниве теми: кога е најдобро да се има првиот сексуален однос (50%), првата љубовна врска (41%), врски и симпатии (36%), како да избегнам закани и малтретирање во училиште (32%) и каде да побарам помош ако е нарушена мојата приватност (30%). Вреди да се истакне, иако во помала мера, дека испитаниците сакаат да дознаат и за тоа како да се заштитат од несакана бременост (27 %), како правилно се користи кондом (25 %), кога и на кој лекар треба да му се обратат (23,33%), соочување со навредливи коментари на Фејсбук (22%). Интересно е што учениците изјавиле дека најмногу информации надвор од училиштето добиваат од родителите (56%). Сепак електронското добивање на информации поврзани со СРЗ - Интернетот, котира доста високо кај учениците (53%)

Нешто што е многу впечатливо преку целата анализа на податоците е поголемата информираност и заинтересираност за содржините од СРЗ од страна на девојчињата, воопшто (од албанската и од македонската припадност), во однос на момчињата.

Како општ заклучок се наметнува сознанието дека учениците од албанската припадност имаат видливо различен пристап кон информациите, особено кон некои кои се исклучително важни за нивното здравје. На пример, младите од албанска етничка припадност изјавиле дека на часовите по биологија воопшто не се запознале со темите употреба на кондом, орална контрацепција и менструација.

# НАСТАВНИЧКИ И НАСТАВНИЦИ

Голем дел од наставниците и наставничките ја посочиле темата пубертет како најобработувана тема на часовите (59%), по неа следат човекови права со 52,73% и заштитата од ХИВ/СИДА (50%) Нешто помалку обработувани се употреба на кондом (23%), и заштита од сексуална злоупотреба (21.82%), употреба на орална контрацепција(16%МК, 4 %АЛБ),

На часовите по биологија најмногу се работи врз заштита од СПИ и ХИВ/СИДА (18%АЛБ,16%МК), а сосема малку врз употребата на кондом (11%МК,0%АЛБ) и орална контрацепција (8%МК,0%АЛБ),

Слично е и со предметот образование за животни вештини, најмногу се работи врз ХИВ/СИДА(40%АЛБ,35%МК), пубертет (40%АЛ, 36%МК), а малку на употреба на кондом(15 %МК,8 %АЛБ) и орална контрацепција (9%МК,4%АЛБ).

Наставниците се поделени во однос на динамиката на остварување на часовите од образованието за животни вештини посветени на СРЗ. Така, најголем дел изјавиле дека се користи еден час во месецот за обработка на темите од СРЗ (29%), за тоа дека овие содржини ги обработуваат еднаш неделно изјавиле 26%, а 19 % од наставниците изјавиле дека темите ги обработуваат на 2 часа во месецот.

Мнозинството испитаници (42%), од кои 47% наставници од македонската етничка припадност и 28% наставници од албанската етничка припадност, изјавуваат дека кога работат на теми од прирачникот за образование за животни вештини кои се однесуваат на СРЗ посветуваат 30 минути од времето на часовите на раководител на паралелката.

Според наставниците, најдобар начин е содржините од СРЗ да се реализираат преку предмет кој учениците можат да го избираат, за што се изјасниле 42% наставници, од кои 48,00% наставници од албанската етничка припадност и 41,18% наставници од македонската етничка припадност. 19% се искажале за тоа овие содржини да се изучуваат преку редовен предмет. Меѓутоа солиден број од наставниците (35%) го поддржуваат и досегашниот начин на реализација на теми од СРЗ.

Запрашани за предизвиците со кои се соочуваат реализирајќи ги содржините од прирачникот за образование за животни вештини, 50% истакнале дека немаат доволно време за обработка на овие содржини.

За висок процент (46 %) од наставниците (56 %АЛБ и 43 %МК) главен проблем е недостаток од прирачници и дополнителни информации. Ова дополнително се потврди со одговорите на прашањето што им е потребно за да ја подобрат наставата, на кое 52% изјавиле дека им се потребни дополнителни прирачници и алатки.

# ВОВЕД

Продлабочувањето на диспаритетите во здравствениот статус на населението придонесуваат СРЗ (СРЗ), кое според Светската здравствена организација подразбира овозможување на највисоки стандарди на физичка и ментална, но и емотивна и социјална благосостојба на луѓето, континуирано да добива значење во меѓународните и националните здравствени институции.

Во Република Македонија СРЗ, како комплекс од здравствени и социокултуролошки аспекти поврзани со сексуалноста и репродукцијата на луѓето, е еден од приоритетите во јавно-здравствените политики за унапредување и заштита на севкупното здравје и правата на сите граѓани. Ова го нагласува и фактот што на ниво на државата се донесени низа стратегии и политики кои се од интерес на оваа проблематика.

Најзначаен документ е Националната стратегија за СРЗ во Република Македонија (2010-2020), која по својата структура е сеопфатна, односно го зема предвид и најголемиот дел од темите кои ја дефинираат рамката на СРЗ и правата.

Меѓу предизвиците за подобро сексуално и репродуктивно здравје кои ги посочува овој документ се наведуваат дека во Република Македонија не постојат доволно релевантни податоци за сексуалното однесување и СРЗ на адолесцентите.

Исто така, релевантни податоци за стапката на тинејџерска бременост и абортуси во оваа возрасна група не постојат, но проценките зборуваат дека тие се неколкукратно поголеми од европскиот просек. Не постојат ниту прецизни податоци за стапката на сексуално преносливите инфекции во оваа возрасна група, но се проценува дека постои тренд на зголемување на стапката на одредени СПИ, особено на кламидија, гонореа и хуман папилома вирус (ХПВ)[1].

Најголемиот дел од податоците се добиени преку истражувања кои покажуваат недоволна информираност кај младите за тоа како да го сочуваат своето СРЗ и недоволна употреба на сервиси за СРЗ, како резултат на што адолесцентите во почетокот на својот репродуктивен развој, стапуваат во ризично сексуално однесување, недоволно подготвени со знаења и вештини да го сочуваат и унапредат своето СРЗ.

Дека младите се изложени на ризични сексуални однесувања, зборува и податокот дека 5,0% од учесниците кои имале сексуални односи, изјавиле дека забремениле (за женски), односно причиниле бременост (машки). Кај 56,1% бременоста завршила со абортус. Додека според истото истражување, 7,0% од сите учесници изјавиле дека имале симптоми на СПИ, при што 60,1% од нив побарале совет/третман од здравствен работник.[2]

Според Квантитативното истражување за знаењата на средношколците во град Скопје за ХИВ/СИДА и нивните ставови за пристапите кон едукацијата за СРЗ, само 16% од младите имале целосни информации за ХИВ/СИДА.[3]

---

1 Национална стратегија за сексуално и репродуктивно здравје во Република Македонија 2010-2020- Нацрт верзија-Министерство за здравство на Република Македонија-Скопје,2009 http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Nacionalna strategija.pdf (посетено на 25.06.2014)

2 Извештај од истражувањето за ризични однесувања поврзанисо ХИВ/СИДА кај млади лица воМакедонија на возраст од 18 до 24 години, Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерство за здравство, 2011.

3 Квантитативна студија: Пристап до услугите за СРЗ меѓу средношколската популација во главни градови на Балканот. Меѓународен центар за репродуктивно здравје, 2004

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Периодот на адолесценција е развоен период на секое човечко суштество, се карактеризира со интензивен телесен, когнитивен, емоционален и социјален развој и е придружен со големи турбуленции и промени. Ако се земе предвид  фактот дека со развојот на неризичните навики неопходно е да се започне што порано, во најчувствителната возраст на децата (раната адолесценција), како и тоа дека здравите навики од младоста се одржуваат и понатаму во животот, во тој случај, доколку ризичните однесувања стекнати порано (на пример, пушењето, пиењето или раните,  ризични сексуални искуства), со кои младите експериментираат, во обидот да се пронајдат себеси и да ги направат своите конечни животни избори, не се превенираат навреме, најчесто остануваат до возрасната доба, со сè помали можности за (само)контрола и со трајни последици врз здравјето на човекот.

Досегашните истражувања на полето на оваа проблематика во Република Македонија даваат податоци кои, сами по себе, говорат многу.

Првите сексуални искуства кај младите од Македонија најчесто се случуваат помеѓу 14 и 15-годишна возраст. Македонија е и меѓу земјите со најголеми меѓуродови разлики во сексуалните искуства кај 15-годишните млади. Момчињата и до двестепати повеќе пријавуваат искуство на сексуални односи, во споредба со своите врснички, меѓу кои девојчињата од албанската заедница не прикажуваат сексуално искуство[1].

Според истражувањата, девојчињата со сексуална активност во просек започнуваат на 16,7 години, додека момчињата на 15,5 години[2], а до својата 19-годишна возраст сексуално активни се 32% од адолесцентите (40% момчиња и 21% девојки). Ова се јасни показатели кои укажуваат на тоа дека возрасната  граница сè повеќе се намалува.

Кога се говори за ризичното сексуално однесување, освен тоа што младите започнуваат со сексуални активности на помала возраст, тие менуваат поголем број на партнери, при што не користат ниту контрацепција, ниту кондом за заштита од несакана бременост и од сексуално преносливи инфекции.[3] Ваквото ризично однесување во голема мера може да се поврзе со нискиот степен на информираност кај младите за заштита на  репродуктивно здравје, а со тоа и на здравјето воопшто.

Според одредени истражувања за ризични однесувања поврзани со ХИВ/СИДА кај млади лица во Македонија, во однос на индикаторот за употреба на кондом при последниот сексуален однос, 48,7% одговориле позитивно, што претставува значително намалување, споредено со 65,1% кои позитивно одговориле во истражувањето од 2007 година.[4]

Истражувањето од 2011 година за влијанието на психосоцијалните детерминанти врз сексуалното однесување на адолесцентите покажа дека при проценката на ризиците учествуваат ставови кои се потпираат врз непотполни информации и стереотипи како, на пример, дека кондомот треба да се користи само со партнери кои не се познаваат доволно, и тоа како метод на заштита од несакана бременост, а не и како средство за заштита од сексуално преносливи инфекции, па така, најголемиот дел од тие млади сметаат дека во подолга врска не треба да се користи кондом.[5]

Во Република Македонија постои тенденција на зголемување на бројот на заразени лица со сексуално преносливи инфекции меѓу младата популација, особено со кламидија и ХПВ (хуман

1 Здравјето како квалитет на животот - Социјални нееднаквости меѓу младите во Република Македонија, Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSC):Извештај, 2013

2 Квантитативна студија: Пристап до услугите за СРЗ меѓу средношколската популација во 4 главни градови на Балканот. Меѓународен центар за репродуктивно здравје, 2004..

3 Младеновиќ Б. Знаења, ставови и постапки поврзани со употреба на контрацепција кај средношколците во градот Скопје, 2007 (магистерска теза)

4 Извештај од истражувањето за ризични однесувања поврзанисо ХИВ/СИДА кај млади лица воМакедонија на возраст од 18 до 24 години, Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерство за здравство, 2011.

5 Здравјето како квалитет на животот - Социјални нееднаквости меѓу младите во Република Македонија Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSC):Извештај, 2013

папилома вирус)[6]. Податок кој е многу загрижувачки е тоа што возрасната граница на појава на карцином на грлото на матката како последица од инфекција со ХПВ е сè пониска[7], од друга страна пак, сè поголем е бројот на млади брачни парови кои се соочуваат со инфертилитет за кој најчеста причина се нелекуваните СПИ (пеливична инфламаторна болест).

Разгледувано од финансиски аспект, ризичното сексуално однесување заедницата ја чини многу средства во вид на директни и индиректни здравствени трошоци поради решавање на проблемите и последиците од тинејџерска бременост, справување со здравствени проблеми како последици од абортуси, стерилитет, карциноми, дијагноза и лекување на СПИ и последиците од нив.[8]

Кога станува збор за сексуално вознемирување, истражувања укажуваат на меѓуврсничко сексуално вознемирување меѓу учениците во основните училишта во Македонија, при што најчесто жртви на последователно и повеќекратно сексуално вознемирување (непосакувани допири со сексуална конотација) се девојчињата.[9]

Според извештајот за ризични однесувања поврзанисо ХИВ/СИДА кај млади лица, 50,4% од младите го наведуваат училиштето како главен извор на информации за ХИВ/СИДА и/или СРЗ, 46,6% од нив ги наведуваат медиумските кампањи, а 25,2% навеле дека информации за ХИВ/СИДА и/или СРЗ добиле преку врсничка едукација. Во случај на потреба од информации за ХИВ/СИДА или СРЗ, 41,6% од младите прво би им се обратиле на своите родители, 23% би побарале совет од здравствен работник, 13,6% прво би му се обратиле на пријател (врсничка едукација), услуги од центри за советување би побарале 9,0%, додека 4,4% прво би побарале информации од НВО.[10]

Во текот на 2009 година, Х.Е.Р.А во соработка со Министерството за образование на Република Македонија[11] спроведе пилот-проценка со цел да се идентификуваат потребите за воведување на сексуалното образование во рамки на основните и средните училишта. Во истражувањето беа вклучени ученици, наставници и родители.

Податоците добиени од направената проценка покажуваат дека приоритетни проблеми со кои се соочуваат младите, за родителите, се недоволниот пристап до информациите (51,7%) и раното започнување со сексуални односи (43.1%). 69% од родителите сметаат дека обезбедувањето на највисок степен на сексуалното здравје на младите подразбира пристап до информации.

Според истото истражување, мнозинство од средношколците сметаат дека има потреба да се воведе сексуално образование како одделен предмет во редовната наставна програма во училиштата, при што имаат различни мислења во однос на тоа кога треба да се воведе сексуално образование. Кај најголем број средношколци преовладува впечатокот дека повеќето нивни професори не се подготвени да обработуваат теми во врска со сексуалноста. Понатака во ова истражување е констатирано дека 69.4% од наставниците сметаат дека промоцијата на сексуалното и на репродуктивното здравје може да придонесе за позитивна промена во однесувањето на учениците со тоа што СО (сексуално образование) треба да биде чувствително на возраста и на сексуалниот развој кај учениците (80.6%). Проценката покажува дека наставниците не се чувствуваат подготвени да предаваат поголем број теми за сеопфатно сексуално образование и не ги препознаваат сите аспекти на сексуалната приватност на учениците.

6 Национална стратегија за сексуално и репродуктивно здравје во Република Македонија 2010-2020- Нацрт Верзија-Министерство за здравство на република македонија-Скопје,2009 http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Nacionalna % 20strategija.pdf (посетено на 25.06.2014)

7 Луческа,Ирена. Политиките и практиките за примарна превенција и рана детекција на цервикален канцер во Македонија.Х.Е.Р.А., Скопје 2010..

8 Maynard R.A. The study, the context, and the findings in brief. Kids having kids: Economic costs, and social consequences of teen pregnancy. Urban Institute Press, 1997 Hoberaft

9 ј Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта, УНИЦЕФ, Биро за развој на образованието, Алгоритам Центар. 2009

10 Извештај од истражувањето заризични однесувања поврзанисо ХИВ/СИДА кај млади лица воМакедонија на возраст од 18 до24години, Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерство за здравство, 2011.

11 Љубов само по часови: проценка на потребата и на достапноста наинформациите од областа на сексуалното образование во Македонија/( автори Жарко Трајаноски, Надица Јанева, Бранкица Младеновиќ).-Скопје: Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација иистражување, 2010.- 64 стр.: табели ; 21 см

# ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Наведената елаборација испровоцира многу прашања и беше основа за поставка на уште едно истражување со кое треба да се констатираат факторите кои влијаат врз негативните однесувања на младата популација кога е во прашање нејзиното репродуктивно здравје.

Станува збор за комплексен сплет од влијанија и причини, но нешто што ќе претставува појдовна основа и е клучен елемент на кој првично треба да се насочи вниманието е прашањето дали младите се доволно и правилно информирани како да се однесуваат за да го заштитат своето репродуктивно здравје.

***Оттаму произлегува и предметот на ова истражување, а тоа е да се констатира кои можности ги нуди воспитно-образовниот процес во училиштата и колку тој придонесува за подобра информираност на учениците за заштита на репродуктивното здравје.***

# ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**#1** Да се утврди обемот и видот на информации, како и начинот на кој учениците добиваат информации од областа на репродуктивното здравје и неговата заштита во рамките на предметите кои ги изучуваат.

**#2** Да се утврдат потребите/предизвиците со кои се соочува наставниот кадар при имплементација на предметите во кои се изучува за репродуктивното здравје и неговата заштита.

# ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да се постигнат зацртаните цели, се пристапи кон испитување на постојната состојба преку:

- осознавање на ставовите и на мислењата на учениците за нивото на застапеност на информациите за СРЗ во рамките на наставата;
- утврдување на начините преку кои учениците добиваат информации за репродуктивното здравје и неговата заштита во рамките на предметите кои ги изучуваат и надвор од училиштето;
- согледување на мислењата на учениците за подготвеноста на наставниците да предаваат на теми поврзани со репродуктивното здравје и неговата заштита;
- осознавање на ставовите и мислењата на наставниците за нивото на информираност на учениците во врска со репродуктивното здравје и неговата заштита;
- утврдување на мислењата на наставниците за соодветноста на вештини со кои располагаат и потребата од разните форми на стручно усовршување, за да може да предаваат на теми поврзани со репродуктивното здравје и неговата заштита;
- согледување на ставовите на наставниците во врска со потребите и предизвиците со кои се соочуваат тие при имплементација на предметите во кои се изучува за репродуктивното здравје и неговата заштитата;
- утврдување на соодветноста на условите и поддршката на наставниците кои ќе им овозможат да предаваат на теми поврзани со репродуктивното здравје и неговата заштита;
- согледување на факторите кои можат да го зголемат степенот на информираноста на учениците за репродуктивното здравје и неговата заштита.

# ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од ова истражување треба да ја отсликаат моменталната состојба која се однесува на информациите со кои располагаат учениците за заштита на репродуктивното здравје и потребите на наставниците за да им излезат во пресрет на учениците кога е во прашање овој проблем, со што ќе се добие добра основа за натамошно проучување и разрешување на постојната состојба.

Се очекува резултатите од ова истражување да побудат интерес, како кај стручната јавност така и кај институциите, за поддршка и развој на средното образование, особено кај ресорното министерство задолжено за политиката и развојот на овој вид на образование.

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За потребите на квантитативното истражување се опфатени ученици и наставници од средните училишта на ниво на град Скопје како мултиетнички град, во учебната 2013/2014 година.

Во истражувањето е опфатен намерен примерок на ученици кои ги посетуваат првите години во средните училишта. Причините за фокусирање кон оваа целна група се поврзани со фактот дека учениците, според наставните програми, имаат пристап до информации за СРЗ уште од 7-8 одделение, како и тоа дека едно од последните истражувања дава податок дека првите сексуални искуства кај младите од Македонија најчесто се случуваат помеѓу 14 и 15-годишна возраст.

Од популацијата на наставници се формира намерен примерок на наставници кои во училиштата предаваат наставни предмети чии содржини се релевантни во однос на репродуктивното здравје и неговата заштита (биологија, граѓанско образование, социологија, психологија), при што беа опфатени и претставници од стручните служби во училиштето.

Репрезентативноста на примерокот е постигната врз основа на неговото вооедначување со популацијата во поглед на видот на образованието (гимназиско, стручно), опфатот на ученици по полова и етничка застапеност во рамките на училиштето, опфатот на наставниците во зависност од видот на образованието во рамките на училиштето, големината и местоположбата на училиштето.

## ГОЛЕМИНА НА ПРИМЕРОКОТ

Според податоците, вкупниот број на ученици во средните училишта во град Скопје, кои се предмет на интерес во ова истражување, изнесува 25694, од кои прва година ја посетуваат 6724 ученици. Вкупниот број на наставници кои предаваат во средните училишта изнесува 1662. Примерокот е предвиден на 330 ученици и 110 наставници од 22 средни училишта, од кои 5 гимназии, 11 стручни училишта  и 6 комбинирани училишта, или околу 5% од популацијата на ученици која се истражува и повеќе од 5% од наставниците кои предаваат во средните училишта

Од 330 ученици – испитаници, 255 или 77,28% беа од македонска етничка припадност и 75 или 22,73% од албанска етничка припадност, од кои 173 или 52,42 % девојчиња и 157 или 47,58 % момчиња, како што може да се види од графиконот 1.

**ГРАФИКОН 1** ПОЛОВА И ЕТНИЧКА ЗАСТАПЕНОСТ НА ИСПИТАНИЦИТЕ- УЧЕНИЦИ




| | машки % | женски % | вкупно |
|---|---|---|---|
| МК | 35.76 | 41.52 | 77.27 |
| АЛБ | 11.82 | 10.91 | 22.73 |
| Вкупно | 47.58 | 52.42 | 100.00 |

Од 110 наставници опфатени во рамките на истражувањето, 85 или 77,27% беа од македонска етничка припадност и 25 или 22,73% од албанска етничка припадност, со укажување дека не можеше да се постигне вооедначување со популацијата во поглед на опфатот на наставници по полова застапеност во рамките на училиштето, графикон 2.

**ГРАФИКОН 2 ПОЛОВА И ЕТНИЧКА ЗАСТАПЕНОСТ НА ИСПИТАНИЦИТЕ - НАСТАВНИЦИ**




Имајќи ја предвид природата на истражувањето, освен што треба да се каже дека од вкупниот број на испитаници 58 се наставници кои предаваат општообразовни предмети, 34 наставници предаваат стручни предмети, 11 се педагози, 9 психолози и 2 социолози, посебно треба да се нагласи дека 78 од испитаниците се класни раководители.

Временската рамка во која беше реализирано истражувањето е мај 2014 година.

# ИНСТРУМЕНТИ

За истражувањето се користени два вида на **прашалници** со затворен тип на прашања со еден или со повеќе можни одговори, кои беа развиени врз основа на преглед на релевантна литература која се однесува на промоција на здравјето и факторите кои влијаат врз развојот на сексуалноста кај младите воопшто.

Прашалникот со кој се прибираа податоците од учениците се состои вкупно од **16 прашања**, а прашалникот наменет за  наставницитесе состои од **17 прашања**.

Пред да се започне со фазата на прибирање податоци, беше направено пилот-истражување, со цел да се утврди и подобри разбирливоста и соодветноста на прашањата.

Податоците кои беа собрани се обработени со фреквенција и пропорција на одговорите, а прикажани се во табели, графички и нумерички, на ниво на целиот примерок.

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

Истражувањето е теоретско-емпириско и во него се користени сознанија од повеќе научни области, при што е направена анализа на литература која ги покрива подрачјата од интерес на СРЗ и е во функција на неговата заштита.

Во рамките на обработката на податоците се примени ***дескриптивниот метод,*** со кој се направи анализа на податоците добиени од учениците и наставниците, по варијабилите на етничка припадност и пол на испитаниците. Таму каде што постоеше можност се направени аналитички интерсекции и споредба на податоците.

# ОГРАНИЧУВАЊА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Со оглед на дескриптивната природа на истражувањето, основната цел беше да се опишат ставовите кои ги имаат учениците за можностите да добијат информации и ставовите на наставниците да предаваат за теми поврзани со СРЗ.

Едно од главните ограничувања е тоа што истражувањето се спроведе на ниво на град Скопјеи на  пригоден примерок. Ова влијае врз начинот на изведување заклучоци, односно истражувачот не може да ги генерализира добиените резултати за целата основна маса, туку само за резултатите добиени од самиот примерок. Секако дека ваквиот пристап не ја намалува релевантноста на добиените резултати, туку само ги ограничува генерализациите.

Ова истражување не обезбедува подлабок увид во однос на природатана ставовите кои ги имаат учениците и наставниците во врска со информираноста за СРЗ, на сметка на прецизноста на резултатите, ниту пак ја разгледува поврзаноста со многубројните фактори кои би можеле да влијаат врз формирањето на мислењата кои ги имаат учениците и наставниците на оваа тема.

Исто така, дополнително ограничување може да претставува тоа што не можеше да се постигне военачување со популацијата во поглед на опфатот на наставници по полова застапеност во рамките на училиштето.

## ЕТИЧКА ДИМЕНЗИЈА НА КОРИСТЕНИТЕ ПОДАТОЦИ

Со цел да се задржи етичката димензија на истражувањето, се спроведоа неколку процедури:

**#1** Обезбедување дозвола за анкетирање по претходна целосна информираност на анкетираните за целите на истражувањето и за начинот на користење на добиените податоци;

**#2** Загарантирана анонимност на прашалниците со исклучување на лични податоци на испитаниците;

**#3** Обезбедување приватност при пополнување на прашалникот.

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата на податоците се вршеше во два дела, при што во првиот дел фокусот беше насочен кон анализа на добиените резултати од прашалникот за ученици, а во вториот дел се презентирани истражувачки сознанија до кои се дојде преку анализата на прашалникот за наставниците.

## 1. АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА УЧЕНИЦИ

За да се утврди видот и обемот на информираност, како и начините преку кои учениците добиваат информации за СРЗ, истражувањето се разгледуваше преку неколку аспекти:

- Обработувани содржини од СРЗ и нивна застапеност во наставата (предмети, содржини, реализација);
- Подготвеноста на наставниците и недостатоци при реализација на содржините од СРЗ;
- Интерес за други содржини од СРЗ и останати извори на информации .

### 1.1 ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ОД СРЗ И НИВНА ЗАСТАПЕНОСТ ВО НАСТАВАТА (предмети, содржини, реализација)

Подигнувањето на јавната свест може да се постигне само преку  едукација која ќе обезбеди однесување што ќе го унапреди СРЗ на секој поединец. Подрачја во кои луѓето можат да ги одржуваат и да ги развиваат вештините за промовирање на своето здравје се семејството, училиштето, локалната заедница, работното место и воопшто, човековата животна средина. Кога станува збор за младата популација, училиштето е тоа кое со својата воспитно-образовна работа има пресудна улога во развивањето на младата личност на сите нивоа. Токму од таа причина, во ова истражување фокусот е насочен кон начините на кои учениците добиваат информации за да го заштитат своето СРЗ во периодот кога е најпотребно тоа. Начинот на добивање информации во ова истражување се разгледуваше преку неколку прашања кои им беа поставени на учениците-испитаници, во кои години, на кои предмети, преку кои содржини и колку често ги имаат обработувано содржините за СРЗ.

Во првиот дел од прашалникот беа дадени општи прашања преку кои се прибрани општи податоци во смисла на тоа дали учениците имаат изучувано содржини кои се однесуваат на заштита на здравјето воопшто, како прво прашање од овој дел, и дали учениците имаат изучувано содржини кои се однесуваат на заштита на сексуалното и репродуктивно здравје, како второ прашање.

**Дали во досегашното образование на училиште сте обработувале содржина за заштита на здравјето?**

**ГРАФИКОН 3 ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО**




Најголем дел од учениците (252 испитаници или 76,60%) сметаат дека обработувале содржини за заштита на своето здравје во досегашното образование. Критика дава следната група на ученици која по застапеност е со мала фреквенција на одговори (43 испитаници или 13,07%) и изјавува дека во текот на своето образование воопшто не обработувале ваков вид на содржини, а 34 испитаници или 10,33% изјавуваат дека не знаат дали ги обработувале овие содржини.

**Дали на часовите во редовната настава сте обработувале теми кои се однесуваат на заштита на сексуалното и репродуктивно здравје?**

**ГРАФИКОН 4 ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА ЗАШТИТА НА СРЗ**



Од друга страна, пак, учениците од македонска етничка припадност изјавуваат во нешто поголем процент (78,43%) дека обработувале содржини кои се поврзани со здравјето и неговата заштита, за разлика од учениците од албанска етничка припадност (70,27%), како што може да се види од графиконот 3. Карактеристично е што фреквенцијата на позитивни одговори е поголема кај женската популација, (84,67% МК и 80,00% АЛБ), во однос на машката популација (71,19% МК и 61,54,% АЛБ)

Од друга страна, пак, кога станува збор за обработуваните содржини кои се однесуваат на СРЗ, фреквенцијата на дадените позитивни одговори на сите испитаници е многу блиска и се движи од 53,95% до 56,78%, при што девојчињата од македонска етничка припадност имаат дадено најмногу негативни одговори (38,97%), а најголем број од испитаните ученици кои одговориле дека не знаат дали овие содржини воопшто се обработувани досега во образовниот процес им припаѓа на момчињата од албанска етничка припадност (20,51%).

Освен овие податоци, од графиконот 4 може да се констатира дека од вкупниот број на испитаници (330), 185 или 55,32% одговориле дека ги обработувале содржините кои се однесуваат на СРЗ, 112 или 34,04% одговориле дека не ги обработувале овие содржини, 35 или 10,64% одговориле дека не знаат дали овие содржини се обработувани во наставниот процес, а еден испитаник воопшто нема одговорено на ова прашање.

Прашањето што следи бараше од учениците да дадат свое мислење за тоа кои од наведените содржини што се однесуваат на заштита на СРЗ ги обработувале во досегашното нивно образование.

Запрашани кои од приложените теми поврзани со СРЗ ги обработувале во редовната настава, учениците одговориле дека најчесто обработувана содржина која се однесува на заштита на СРЗ (графикон 5) е заштита од ХИВ/СИДА (75,15%), а дури 73,64% од испитаниците одговориле дека темата пубертет е обработувана во редовната настава. За темата човекови права се изјасниле 65,45% од испитаниците, а темата заштита од сексуално преносливи инфекции е застапена со 62,42%. Следат темите полови органи со 59.39% и правата на децата, која во образовниот процес е застапена со 56,36%. Содржините за употреба на кондом и љубов имаат потполно иста фреквенција на одговори (41,52%). Темата еднаквост меѓу мажите и жените според податоците е обработувана со зачестеност 39,39%, потоа следат предрасуди и дискриминација (35,76%) и планирање на семејство и заштита од несакана бременост (33,94%). Судејќи според одговорите, помалку обработувани се темите: разлика меѓу пол и род (27,27%), заштита од сексуална злоупотреба (26,36%) и емоции (24,85%). Со пониска фреквенција се обработувани содржините поврзани со: прв сексуален однос (16,06%), ранливи групи на граѓани (12,12%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (11,52%) и употреба на орална контрацепција (11,21%). 1,21% од испитаниците одговориле дека немаат разговарано на ниту една од овие теми во текот на процесот на образование.

**Наведете кои од следниве теми досега сте ги обработувале на часовите во редовната настава во основното и средното образование:**

**ГРАФИКОН 5 ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА ЗАШТИТА НА СРЗ**



Од графиконот 5а може да се заклучи дека фреквенцијата на одговори кај момчињата е поголема за темите: *употреба на кондом* (49,09%), *прв сексуален однос*(18,47%), *хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи*(13,38%) и *ранливи групи на граѓани* (12,74%) во однос на одговорите на девојчињата, чијашто фреквенција на одговори е поголема за сите останати теми. Понатака, повеќе од јасен е ставот и на момчињата и на девојчињата дека меѓу најмногу обработуваните теми се: *пубертет* (80,92%Ж,65,61%М), *заштита од ХИВ/СИДА* (80,35%Ж, 69,43%М), потоа *човекови права* (69,36%Ж,61,15%М), *заштита од сексуално преносливи инфекции* (65,90%Ж,58,60%М), полови органи со (63.01%Ж,55,41%М), *правата на децата*, застапена со (61,85%Ж,50,32%М). Според одговорите на машките и женските испитаници, помалку обработувани теми се: *прв сексуален однос* (18,47%М,13,87Ж%), *хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи* (13,38%М,9,83%Ж), *ранливи групи на граѓани* (12,74%М,11,56%Ж) и *употреба на орална контрацепција* (9,55%М, 12,72%Ж).

## ГРАФИКОН 5а ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИЗА ЗАШТИТА НА СРЗ




| | Заштита од ХИВ/СИДА | Пубертет | Човекови права | Заштита од сексуално преносливи инфекции | Полови органи | Права на децата | Употреба на кондом | Љубов | Еднаквост меѓу мажот и жената | Предрасуди и дискриминација | Планирање на семјство и заштита од несакана бременост | Разликара меѓу род и пол | Заштита од сексуална злоупотреба | Емоции | Прв сексуален однос | Ранлива група на граѓани | Хетеросексуални, хомосексуални, бисексуални односи | Употреба на орална контрацепција | Не сме разговарале за ниту една од овие теми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 69.4 | 65.6 | 61.1 | 58.6 | 55.4 | 50.3 | 49.0 | 40.1 | 35.6 | 32.4 | 28.6 | 26.7 | 26.7 | 22.9 | 18.4 | 12.7 | 13.3 | 9.55 | 2.55 |
| Вкупно Женски | 80.3 | 80.9 | 69.3 | 65.9 | 63.0 | 61.8 | 34.6 | 42.7 | 42.7 | 38.7 | 38.7 | 27.7 | 26.0 | 26.5 | 13.8 | 11.5 | 9.83 | 12.7 | 00.0 |
| Вкупно | 75.1 | 73.6 | 65.4 | 62.4 | 59.3 | 56.3 | 41.5 | 41.5 | 39.3 | 35.7 | 33.9 | 27.2 | 26.3 | 24.8 | 16.0 | 12.1 | 11.5 | 11.2 | 1.21 |

Според податоците од графикон 5б, може да се заклучи дека содржините од СРЗ во поголем процент ги обработувале учениците од македонска етничка припадност во однос на учениците од албанска етничка припадност.

На прашањето **„На кои часови сте дискутирале за овие теми?“**, 81,21% од испитаниците одговориле дека содржините за СРЗ ги обработуваат на часовите по биологија, за 31,12% од испитаниците овие содржини се изучувале на часовите по граѓанско образование и 26,67% се изјасниле дека овие содржини ги обработувале на часовите на раководител на паралелката. Останатите ученици навеле дека содржините за СРЗ ги обработувале на часовите по хигиена 7,88%, физиологија 6,67%, анатомија4,85%, здравје 1,52%, хемија 2,42%, на часовите по дополнителна настава 2,42%, животни вештини 0,61%, како што може да се види од графикон 5. Во добиените податоци се наведени и предмети како што се англиски, македонски, албански јазик, географија, информатика, кинезиологија, право, социологија, на кои се изучувале овие содржини, но со многу ниска фреквенција на одговори. Додека 8,48% од испитаните одговориле дека не знаат на кои часови се обработувале овие содржини.

## ГРАФИКОН 56 ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА ЗАШТИТА НА СРЗ




| | Заштита од ХИВ/СИДА | Пубертет | Човекови права | Заштита од сексуално преносливи инфекции | Полови органи | Права на децата | Употреба на кондом | Љубов | Еднаквост меѓу мажот и жената | Предрасуди и дискриминација | Планирање на семјство и заштита од несакана бременост | Разликара меѓу род и пол | Заштита од сексуална злоупотреба | Емоции | Прв сексуален однос | Ранлива група на граѓани | Хетеросексуални, хомосексуални, бисексуални односи | Употреба на орална контрацепција | Не сме разговарале за ниту една од овие теми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 83.1 | 79.2 | 65.8 | 72.1 | 61.9 | 60.0 | 46.2 | 44.7 | 41.5 | 38.8 | 37.6 | 26.6 | 29.8 | 25.4 | 16.4 | 12.9 | 10.5 | 11.7 | 0.39 |
| Вкупно Алб | 48.0 | 54.6 | 64.0 | 29.3 | 50.6 | 44.0 | 25.3 | 30.6 | 32.0 | 25.3 | 21.3 | 29.3 | 14.6 | 22.6 | 14.6 | 9.33 | 14.6 | 9.33 | 4.0 |

Но според податоците добиени од графиконот 6, може да се констатира дека сознанијата за СРЗ и неговата заштита учениците во најголем дел ги добиваат на часовите по предметот биологија (81,21%), додека помал дел од сознанијата за СРЗ добиваат на часовите по граѓанско образование (31,12%) и на часовите на раководител на паралелката (26,67%),

## ГРАФИКОН 6 ЧАСОВИ НА КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ СОДРЖИНИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА СРЗ



Недвосмислени се одговорите на испитаниците кога се запрашани во кое одделение/година ги обработувале содржините поврзани со СРЗ. На графиконот 7 може да се види дека дури 82,42% од учениците одговориле дека овие содржини ги обработувале во осмо одделение, 53,64% во прва година на средното образование, а 32,73% во седмо одделение.

Разгледувано од агол на етничка припадност, може да се забележи дека учениците од албанска етничка припадност во поголем процент (61,33%) изјавиле дека овие содржини ги обработувале во прва година на средното образование, додека 56,00% одговориле дека содржините за СРЗ ги изучувале во осмо одделение, а само 14,67% во седмо одделение. За разлика од нив, учениците од македонска етничка припадност изјавиле во поголем процент (90,20%) дека содржините за СРЗ ги изучувале во осмо одделение, 51,37% во прва година на средното образование, а 38,04% во седмо одделение. Од одговорите може да се заклучи дека постои неусогласен пристап кога е во прашање обработката на содржините за СРЗ и неговата заштита.

**Во кое одделение/година сте ги обработувале горенаведените теми?**

**ГРАФИКОН 7 РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА СРЗ ВО ОДДЕЛЕНИЕ/ГОДИНА**




| | Во 7 одделение | Во 8 одделение | Во 9 одделение | Во 1година средно | Никогаш не сме разговарале | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно МК | 90.20 | 51.37 | 38.04 | 4.71 | 1.57 | 0.00 |
| Вкупно АЛБ | 56.00 | 61.33 | 14.67 | 9.33 | 5.33 | 1.33 |
| Вкупно | 82.42 | 53.64 | 32.73 | 5.76 | 2.42 | 0.30 |

**Наведете за кои од следните теми досега сте учеле на часовите по биологија**

**ГРАФИКОН 8 РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИ ОД СРЗ НА ПРЕДМЕТОТ БИОЛОГИЈА**



Според добиените резултатите од истражувањето за прашањето  кои од темите учениците ги обработувале на часовите по биологија,  дадени во графиконот 8, може да се констатира дека меѓу најобработуваните теми се: размножување на човекот (88,18%), полови одлики на човекот и полови органи (70,91%), пубертет (66,67%) и заштита од ХИВ/СИДА (63,33%). Како прилично обработувани теми се: менструација (54,24%), полови односи (47,58%), заштита од сексуално преносливи инфекции (36,97%). Според одговорите на испитаниците на темите употреба на кондом со 21,82%, планирање на семејството и заштита од несакана бременост(21,21%) и употреба на орална контрацепција (8,48%), им е посветувано мало внимание.

Податоците добиени од учениците од албанска и од македонска етничка припадност, прикажани во графиконот 8а, укажуваат дека степенот на обработка на содржините застапени во предметот биологија, без исклучок, е поголем кај учениците  од  македонска етничка припадност во однос на учениците од албанска етничка припадност.

## ГРАФИКОН 8а   РЕАЛИЗАЦИЈА НА  СОДРЖИНИ ОД СРЗ НА ПРЕДМЕТОТ БИОЛОГИЈА СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ




| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 90.98 | 77.25 | 69.41 | 67.45 | 59.22 | 48.24 | 42.35 | 24.31 | 22.75 | 9.80 | 3.92 |
| Вкупно Алб | 78.67 | 49.33 | 57.33 | 49.33 | 37.33 | 45.33 | 18.67 | 13.33 | 16.00 | 4.00 | 4.00 |

Во однос на перцепцијата на учениците затоа дали досега реализирале часови по образование за животни вештини, според графиконот 9, 39,14% изјавиле дека реализирале часови по образование за животни вештини. 36,09% дале негативен одговор, додека 24,77% изјавиле дека не знаат дали воопшто ги реализирале овие содржини. Притоа, најниска фреквенција на позитивни одговори имаат момчињата од албанска етничка припадност (23,68%), наспроти момчињата од македонска етничка припадност (40,38%). Кога станува збор  за девојчињата, состојбата е малку поразлична, односно 40,00% девојчиња од  македонска етничка припадност и 30,56% девојчиња од албанска етничка припадност одговориле позитивно, од што може да се заклучи дека фреквенција на позитивни одговори кај испитаниците од македонска етничка припадност (42,69%) е прилично поголема од позитивните одговори добиени од испитаниците од албанска етничка припадност (27,03%).

**Дали досега сте реализирале часови по образование за животни вештини?**

**ГРАФИКОН 9 ЗАСТАПЕНОСТ НА ЧАСОВИ ПО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ**




Запрашани за кои теми дискутирале на часовите на раководител на паралелката, учениците во најголем процент (50,61%) истакнале дека е тоа темата човекови права. Анализирајќи ги понатаму добиените одговори од графиконот 10 може да се заклучи дека на часовите на раководител на паралелката темите пубертет (38,48%), правата на децата (37,58%), предрасуди и дискриминација

**Наведете за кои од следниве теми досега сте дискутирале на часовите на раководител на паралелката**

**ГРАФИКОН 10 ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА СРЗ НА ЧАСОВИТЕ НА РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКАТА**



(35,15%) и прв сексуален однос (30,00%) се обработуваат со приближно иста застапеност. Темата заштита од ХИВ/СИДА ја посочиле 22,73% од страна на учениците, понатаму, според податоците добиени за темите заштита од сексуално преносливи инфекции застапена со 21,50% и емоции со 19,39%, кои со вредностите се слични на претходните две теми, може да се констатира дека овие теми се обработуваат  малку на часовите на раководител на паралелката Кога, пак, станува збор за темите: разлика меѓу род и пол (13,03%), употреба на кондом (12,42%), ранливи групи на граѓани (11,52%) а особено за планирање на семејството и заштита од несакана бременост (9,39%), заштита од сексуална злоупотреба (9,09%), полови органи (8,79%),  прв сексуален однос  (6,67%),љубов (3,33%),  хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (3,33%),   употреба на орална контрацепција (3,03%),  се добива впечаток дека на овие теми им е посветено малку внимание.

## ГРАФИКОН 10а   ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА СРЗ НА ЧАСОВИТЕ НА РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛБЕЛКАТА




| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 49.0 | 43.1 | 38.4 | 35.6 | 30.2 | 27.4 | 22.7 | 24.7 | 20.3 | 20.0 | 14.9 | 13.3 | 11.3 | 9.02 | 10.2 | 9.02 | 6.67 | 3.14 | 2.35 |
| Вкупно Алб | 56.0 | 22.6 | 34.6 | 33.3 | 29.3 | 6.67 | 22.6 | 10.6 | 22.6 | 17.3 | 6.67 | 9.33 | 12.0 | 10.6 | 5.33 | 8.00 | 6.67 | 4.00 | 5.33 |

Како што може да се забележи од графиконот 10а, според фреквенцијата на дадени одговори, учениците  од  албанска етничка припадност со нешто поголема зачестеност ги обработувале темите: употреба на орална контрацепција(5,33%АЛ,2,35%МК), планирање на семејството и заштита од несакана бременост (10,67 % АЛ ,9,02%МК), човекови права, хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи(4,00%АЛ,3,14%МК)  и ранливи групи на граѓани (12,00%АЛ,11,37%МК),  во однос на учениците од македонска етничка припадност. Додека сите останати теми, со незначителна разлика, во поголем процент ги обработувале  учениците  од  македонска етничка припадност.

На прашањето за кои теми дискутирале на часовите на раководител на паралелката, момчињата изјавиле дека темите: употреба на кондом (17,83%М,7,51%Ж), употреба на орална контрацепција (3,83%М,2,31%Ж), заштита од сексуално  преносливи инфекции (22,93%М, 20,23% Ж), разлика меѓу род и пол (14,65%М,11,56%Ж), прв сексуален однос  (7,01%М, 6,36%Ж), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (4,46%М, 2,31%Ж)  се повеќе обработувани, за разлика од девојчињата, кои пак истакнале дека во поголем процент ги обработувале останатите теми, што може да се види на графиконот 10б.

## ГРАФИКОН 106 ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ЗА СРЗ НА ЧАСОВИТЕ НА РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКА




| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 49.6 | 29.9 | 31.2 | 29.9 | 24.8 | 21.0 | 15.2 | 22.9 | 22.9 | 14.0 | 14.6 | 17.8 | 10.1 | 10.8 | 8.28 | 8.28 | 7.01 | 4.46 | 3.82 |
| Вкупно Женски | 51.4 | 46.2 | 43.3 | 39.8 | 34.6 | 24.2 | 29.4 | 20.2 | 19.0 | 24.2 | 11.5 | 7.51 | 12.7 | 8.09 | 9.83 | 9.25 | 6.36 | 2.31 | 2.31 |

**Колку често на часовите се зборува за овие теми?**

## ГРАФИКОН 11 ДИНАМИКАТА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕМИТЕ ОД СРЗ



Преку анализа на одговорите на прашањето: Колку често на часовите се зборува за овие теми? се обидовме да ја утврдиме динамиката на реализација на содржините од СРЗ во редовната настава (графикон 11).

Кога станува збор за учениците од албанска етничка припадност, истражувањето покажа дека и момчињата и девојчињата покажале слична фреквенција на одговори (23,08%М, 28,57% Ж), за тоа дека овие содржини ги обработуваат еднаш неделно. За разлика од нив, учениците од македонска етничка припадност се изјасниле во многу помал процент (8,33%М, 7,97% Ж), дека еднаш неделно ги обработуваат овие содржини.

Анализата покажува сличен процентуален сооднос и со дадените одговори од страна на учениците дека содржините од СРЗ ги обработуваат на два часа во месецот, и тоа одговорите на учениците од албанска етничка припадност (20,51%М, 22,86% Ж) се издвојуваат во однос на одговорите на учениците од македонска етничка припадност (9,17%М, 8,70% Ж).

По однос на дадените одговори, кај 2,86% од албанските девојчиња преовладува мислењето дека овие содржини ги обработуваат еднаш во месецот, за разлика од албанските момчиња, кај кои тој процент е 17,95%. Македонските девојчиња, пак, одговориле со 21,05%, за разлика од македонските момчиња, кои одговориле со 12,50% дека овие содржини ги обработуваат еднаш во месецот.

За тоа дека содржините од СРЗ ги обработувале еднаш во полугодието дадени се слични одговори како претходно но во обратна насока, односно 7,69% момчиња и 8,57% девојчиња од албанска етничка припадност, а 15,83% момчиња и18,12% девојчиња од македонска етничка припадност одговориле дека овие содржини ги обработувале еднаш во полугодието

Прилично голем процент, и тоа 24,64% девојчиња од македонска етничка припадност и 29,17% момчиња од македонска етничка припадност и 31,43% девојчиња од албанска етничка припадност изјавиле дека не знаат дали ги обработувале овие содржини, а 20, 51% момчиња од албанска етничка припадност, што е прилично карактеристично, изјавиле дека никогаш не се зборувало за овие теми на часовите.

На глобално ниво, истражувањето покажува дека од испитаниците 12,05% одговориле дека содржините од СРЗ ги обработуваат еднаш неделно, 11,75% дека ги обработуваат на два часа во месецот, 15,66% од учениците одговориле дека овие содржини ги обработуваат еднаш во месецот, 15,06% еднаш во полугодието, 16,27% еднаш во годината и конечно, 24,70% изјавиле дека никогаш не се зборувало за овие теми на часовите.

Со оглед на приложената анализа, тешко е да се понуди единствена интерпретација на добиените резултати, но сепак, како најприфатлива во овој случај се чини констатацијата дека учениците во дисконтинуитет ги обработуваат содржините од СРЗ во наставата.

## 1.2. ПОДГОТВЕНОСТА НА НАСТАВНИЦИТЕ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ

Наставниците претставуваат клучен фактор во реализацијата на квалитетниот наставен процес. Ниедна промена во наставниот процес не може да се постигне во практиката без наставниците, колку и да е таа добро теоретски обмислена. Наставниците се тие кои секоја промена можат да ја разберат, да ја прифатат и тие се единствени кои се обучени промената практично да ја имплементираат во наставата. Од овие причини, вториот аспект од којшто се разгледува ова истражување се начините на кои наставниците ги приближуваат содржините до учениците, во конкретниот случај, содржините кои се однесуваат на СРЗ и неговата заштита, како и недостатоците кои можат да произлезат при нивното обработување.

**Дали наставниците ги предаваат овие теми на јасен и разбирлив начин?**

**ГРАФИКОН 12 НАЧИН НА ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМИТЕ ОД СРЗ**




Во однос на перцепцијата на учениците за тоа како наставниците ги предаваат темите за СРЗ, впечатливо е што девојчињата и од македонската (52,21%) и од албанската (52,78%) припадност понудиле приближно иста фреквенција на позитивни одговори, додека момчињата од македонската припадност (47,06%) одговориле со нешто повисока фреквенција на позитивни одговори во однос на момчињата од албанската етничка припадност (37,50%), графикон 12.

Судејќи според одговорите на вкупниот број на испитаници, 48,64% одговориле дека наставниците ги предаваат темите за СРЗ на јасен и разбирлив начин, 39,58% се изјасниле дека наставниците тоа го прават делумно јасно и разбирливо, додека само 4,83% од учениците изразиле незадоволство од начинот на пренесување на содржините за СРЗ, а 6,95% одговориле дека не знаат како наставниците ги предаваат овие содржини.

**Кои се главните недостатоци кога се обработуваат овие теми?**

**ГРАФИКОН 13 НЕДОСТАТОЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕМИТЕ ОД СРЗ**




| | Времето кое се посветува на овие теми е кратко | Многу ретко се зборува на овие теми | Учениците не се дисциплинирани | Не се зборува на отворен начин за наведените теми | Недостасуваат повеќе информации | На наставникот/ наставничката му/и е непријатно додека зборува за овие теми | Нема недостатоци | Друго (Наведи што) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 43.31 | 43.95 | 33.76 | 35.67 | 16.56 | 14.01 | 8.28 | 0.00 |
| Вкупно Женски | 43.35 | 42.77 | 38.73 | 34.10 | 18.50 | 12.14 | 10.40 | 0.00 |
| Вкупно | 43.33 | 43.33 | 36.36 | 34.85 | 17.58 | 13.03 | 9.39 | 0.00 |

Поради специфичноста на содржините поврзани со СРЗ, при нивната реализацијата можат да се појават одредени пречки кои можат да го намалат квалитетот на наставата. За да може добро да го организираат часот и да ги предадат содржините, наставниците мора да ги заинтересираат учениците, да воспостават позитивна динамика на часот, да создадат атмосфера на дисциплина и соработка. Токму од овие причини, учениците беа запрашани дали постојат недостатоци кога се обработуваат содржините поврзани со СРЗ.

Анализирајќи ги добиените резултати од графиконот 13, може да се констатира дека учениците, и момчињата и девојчињата, приближно едногласно изјавиле дека меѓу основните недостатоци при реализација на темите од СРЗ се: времето кое се посветува на овие теми е кратко, и тоа со 43,33% од кои 43,31%М и  43,35% Ж, како и тоа дека многу ретко се зборува на овие теми, со 43,33% од кои 43,95%М и  42,27% Ж. За тоа дека учениците не се дисциплинирани се изјасниле 36,36% од учениците, од кои  33,76% М и 38,73%Ж. Дека на  часовите кога се зборува за овие теми не се зборува на отворен начин, се изјасниле вкупно 34,85% од учениците, и тоа 35,67%М и 34,10%. 17,58% одговориле дека при обработката на темите недостасуваат повеќе информации, од кои според графиконот 12, 16,56% М, а 18,50% Ж. За тоа дека на наставниците им е непријатно додека зборуваат за овие теми се изјасниле 13,03%, од кои 14,01%М и 12,14%Ж. Само 9,39% од испитаниците изразиле мислење дека при реализацијата на овие теми нема никакви недостатоци.

## ГРАФИКОН 13а  НЕДОСТАТОЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕМИТЕ ОД СРЗ




| | Времето кое се посветува на овие теми е кратко | Многу ретко се зборува на овие теми | Учениците не се дисциплинирани | Не се зборува на отворен начин за наведените теми | Недостасуваат повеќе информации | На наставникот/ наставничката му/и е непријатно додека зборува за овие теми | Нема недостатоци | Друго (Наведи што) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 43.92 | 47.06 | 36.08 | 38.04 | 19.22 | 13.73 | 10.20 | 0.00 |
| Вкупно Алб | 41.33 | 30.67 | 37.33 | 24.00 | 12.00 | 10.67 | 6.67 | 0.00 |
| Вкупно | 43.33 | 43.33 | 36.36 | 34.85 | 17.58 | 13.03 | 9.39 | 0.00 |

Според учениците од албанската етничка припадност, најголем недостаток е тоа што времето кое се посветува на овие теми е кратко (41.33%), во однос на учениците од македонска етничка припадност за кои, пак, најголем недостаток е тоа што многу ретко се зборува на овие теми (47.06%), што може да се види на графиконот 13а.

Кога имаат одредени прашања во врска со содржините поврзани со СРЗ (графикон 14), учениците најголема доверба му искажуваат на раководителот на паралелката, и тоа 42,73%, од кои 43,95% момчиња, а 41,52% девојчиња. 26,67% од испитаниците изјавиле дека му веруваат на  училишниот психолог, само 12,42% одговориле дека во врска со прашањата кои ги имаат од СРЗ му се обраќаат на училишниот педагог. Инцидентни одговори по однос на ова прашање има, и тоа претежно од девојчињата, односно ако им треба одговор, тие се обраќаат на родител - 9,25% девојчиња, на одреден професор 3,33% (4,62%девојчиња, 1,92% момчиња), на другар/-ка 1,82% (2,89% девојчиња, 0,64% момчиња) и на психијатар - 0,58% девојчиња. 35,76% од вкупниот број на испитаници одговориле дека по однос на ова прашање не се обраќаат на никого од училиштето.

**Доколку имате прашања поврзани со овие теми, на кого од Вашето училиште ќе му се обратите?**

## ГРАФИКОН 14 ДОВЕРБА ВО НАСТАВНИЦИТЕКОГА СЕ ВО ПРАШАЊЕ СОДРЖИНИТЕ ЗА СРЗ




| | Раководител на паралелката | На никого од училиштето | Училишниот психолог | Училишниот педагог | Родител | Професор | Другар-ка | Психијатар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 43.95 | 35.03 | 24.84 | 12.74 | 0.00 | 1.91 | 0.64 | 0.00 |
| Вкупно Женски | 41.62 | 36.42 | 28.32 | 12.14 | 9.25 | 4.62 | 2.89 | 0.58 |
| Вкупно | 42.73 | 35.76 | 26.67 | 12.42 | 4.85 | 3.33 | 1.82 | 0.30 |

Од аспект на етничката припадност, може да се констатира дека нема голема разлика меѓу одговорите кои ги искажале учениците од двете етнички припадности, што е прикажано на графиконот 14а.

## ГРАФИКОН 14а ДОВЕРБА ВО НАСТАВНИЦИТЕ КОГА СЕ ВО ПРАШАЊЕ СОДРЖИНИТЕ ЗА СРЗ




| | Раководител на паралелката | На никого од училиштето | Училишниот психолог | Училишниот педагог | Родител | Професор | Другар-ка | Психијатар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 43.14 | 38.43 | 24.71 | 12.16 | 4.71 | 3.14 | 1.18 | 0.39 |
| Вкупно Алб | 41.33 | 26.67 | 33.33 | 13.33 | 5.33 | 4.00 | 4.00 | 0.00 |

## 1.3. ИНТЕРЕС ЗА ДРУГИ СОДРЖИНИ ОД СРЗ И ОСТАНАТИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

Конечно, третиот аспект преку кој се разгледуваше истражувањето опфати прашања кои бараа од учениците да дадат свое мислење дали кај нив постои интерес за други содржини кои се однесуваат на СРЗ и за тоа на кој начин тие добиваат информации, доколку им се потребни, освен оние кои ги добиваат од училиштето.

**За кои од наведените теми би сакале да дознаете повеќе?**

## ГРАФИКОН 15 СОДРЖИНИ ОД СРЗ ЗА КОИ УЧЕНИЦИТЕ ИМААТ ИНТЕРЕС




| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 47.1 | 34.3 | 26.1 | 24.2 | 24.2 | 14.6 | 35.0 | 24.8 | 24.2 | 26.1 | 24.8 | 20.3 | 20.3 | 15.2 | 13.3 | 16.5 | 14.0 | 12.7 | 0.64 |
| Вкупно Женски | 53.7 | 48.5 | 45.6 | 39.3 | 35.2 | 38.7 | 17.3 | 26.0 | 22.5 | 19.6 | 12.1 | 15.6 | 15.6 | 19.6 | 19.6 | 15.0 | 14.4 | 7.51 | 00.0 |
| Вкупно | 50.6 | 41.8 | 36.3 | 32.1 | 30.0 | 27.2 | 25.7 | 25.4 | 23.3 | 22.7 | 18.1 | 17.8 | 17.8 | 17.5 | 16.6 | 15.7 | 14.2 | 10.0 | 0.30 |

Добиените резултати од истражувањето прикажани на графиконот 15 покажуваат дека кај учениците постои најголем интерес за темата кога е најдобро да се има првиот сексуален однос, и тоа 50,61%, при што кај женската популација интересот е нешто поголем (53,78%) во однос на машката (47,13%). Првата љубовна врска е наредна тема за која учениците пројавуваат интерес и тоа 41,82%, при што кај девојчињата постои поголем интерес по ова прашање (48,55%) во однос на момчињата (34,39%). За темите врски и симпатии (36,36%), како да избегнам закани и малтретирање во училиште (32,12%) и каде да побарам помош ако е нарушена мојата приватност (30,00%), исто така постои добар интерес од страна на учениците, при што и тука девојчињата се позаинтересирани од момчињата, особено за темата врски и симпатии (45,66% девојчиња, 26,11% момчиња). Потоа следат темите како да се заштитам од несакана бременост (27,27%), како правилно се користи кондом (25,76%), што е тоа прерана ејакулација (25,45%), кога и на кој лекар треба да се обратам (23,33%), соочување со навредливи коментари на Фејсбук (22,73%), за кои интересот кај учениците е помал.

За останатите теми, како што се сексуална ориентација (18,18%), каде да побарам совет за моето сексуално здравје (17,88%), мастурбација (17,88%), дискриминација (17,88%), абортус (16,67%) - постои мал интерес. Конечно, за темите хомофобија (15,76%), дали е нормално да си геј/лезбејка (14,24%), род и пол (10,00%) постои најмал интерес кај учениците.

**Од кои извори најчесто добивате информации за заштита на сексу алното и репродуктивно здравје, надвор од училиштето?**

## ГРАФИКОН 16 ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА СРЗ НАДВОР ОД УЧИЛИШТЕТО




| | Од родителите | Од интернет | Од другарите | Од телевизија | Од брат или сестра | Од невладини организации | Професор | Книги | Црвен крст |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 47.77 | 46.50 | 39.49 | 20.38 | 14.01 | 10.19 | 0.64 | 0.00 | 0.00 |
| Вкупно Женски | 64.16 | 60.69 | 37.57 | 19.08 | 21.39 | 6.36 | 2.89 | 0.58 | 0.58 |
| Вкупно | 56.36 | 53.94 | 38.48 | 19.70 | 17.88 | 8.18 | 1.82 | 0.30 | 0.30 |

На графиконите 16 и 16а се дадени резултатите кои се добиени од одговорите на учениците на прашањето: Од кои извори надвор од училиштето најчесто добивате информации за заштита на сексуалното и репродуктивно здравје?

Анализирајќи ги дадените одговори, може да се заклучи дека учениците најмногу информации надвор од училиштето добиваат од родителите 56,36%, при што тоа е повеќе застапено кај девојчињата (64,16%) отколку кај момчињата (47,77%).

Електронското добивање на информации поврзани со СРЗ - Интернетот, котира прилично високо кај учениците (53,64%), при што овој начин на информирање е позастапен кај девојчињата (60,69%) во однос на момчињата (46,50%).

Другарите (38,48%) на кои учениците им се обраќаат кога им требаат информации во врска со СРЗ, се на трето место по важност. Следат телевизијата (19,70%), браќа/сестри (17,88%) и невладини организации (8,18%) како извор на информации на учениците. Со многу мал процент, но сепак споменати како извори на информации се професори (1,21%), литература (0,30%) и Црвен крст (0,30%).

## ГРАФИКОН 16а ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА СРЗ НАДВОР ОД УЧИЛИШТЕТО




| | Од родителите | Од интернет | Од другарите | Од телевизија | Од брат или сестра | Од невладини организации | Професор | Книги | Црвен крст |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 62.35 | 57.25 | 36.86 | 21.18 | 20.78 | 10.20 | 0.78 | 0.00 | 0.39 |
| Вкупно Алб | 36.00 | 42.67 | 44.00 | 14.67 | 8.00 | 1.33 | 2.67 | 2.67 | 0.00 |

Од аспект на етничката припадност (графиконите 16а), може да се констатира дека учениците од македонска етничка припадност (62,35%) повеќе информации добиваат од родителите, за разлика од учениците од албанска етничка припадност (36,00%).

Учениците, пак, од албанска етничка припадност повеќе информации добиваат од другарите (44,00%), во однос на учениците од македонска етничка припадност (36,86%). Од интернет, повеќе информации црпат учениците од македонска етничка припадност (57,25%) во однос на учениците од албанска етничка припадност (42,67%). Од телевизија (21,18%МК, 14,57%АЛБ), браќа/сестри (20,78%МК, 8,00%АЛБ) и невладини организации (10,20%МК, 1,33%АЛБ), информации добиваат повеќе учениците од македонска етничка припадност.

**Која веб-страница на Интернет Ви обезбедува најдобри информации за заштита на СРЗ?**

ГРАФИКОН 17 ИНТЕРНЕТОТ КАКО ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ ЗА СРЗ




| | femi-na.com.mk | google.com | Користам ама не се сеќавам | zdravje.com.mk | порно сајтови | facebook.com | wikipedia.com | youtube.com | telegrafi.com.mk |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Машки | 2.55 | 8.28 | 5.10 | 4.46 | 8.28 | 4.46 | 0.64 | 1.91 | 0.00 |
| Вкупно Женски | 16.76 | 2.31 | 4.05 | 4.05 | 0.00 | 1.73 | 2.31 | 0.58 | 1.16 |
| Вкупно | 10.00 | 5.15 | 4.55 | 4.24 | 3.94 | 3.03 | 1.52 | 1.21 | 0.61 |

Иако резултатите од претходното прашање укажуваа на тоа дека поголемиот број информации учениците ги добиваат од Интернетот, сепак, на поставеното прашање: Која веб-страница на Интернет Ви обезбедува најдобри информации за заштита на СРЗ?, учениците во голем процент (70,61%), изјавиле дека не користат Интернет. Во останатиот процент од 24,84% учениците ги посочиле следните веб-страници на Интернет: facebook.com, wikipedia.com, google.com, telegrafi.com.mk, youtube.com, порно сајтови, zdravje.com.mk, femina.com.mk, како извори на информации. Додека 4,55% од учениците изјавиле дека користеле Интернет, но не се сеќаваат на веб-страниците кои ги користеле (графикон 17).

# 2. АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА НАСТАВНИЦИ

Наставничката професија како носечка професија во системот на образованието, со сите нејзини специфичности, го верификува наставникот како проектант, организатор и реализатор на секој чекор од едукативниот процес, со што му овозможува да ја исполни „големата задача од општествен интерес".

Оттука произлегува и неопходноста од свртување кон наставникот секогаш кога станува збор за каква било активност поврзана со процесот на образованието.

Затоа, наставниците имаа можност да ги изразат своите ставови и мислења кои се однесуваат на проблемот на ова истражување, врз основа на што во вториот дел од истражувањето се презентирани истражувачките сознанија до кои се дојде преку анализата на одговорите од прашалникот пополнет од наставниците.

Ставовите на наставниците во истражувањето се разгледуваа преку неколку аспекти:

- Обработувани содржини од СРЗ и нивна застапеност во наставата (предмети, содржини, реализација);
- Потреба од поголема застапеност на содржините од СРЗ;
- Предизвици и услови за подобра реализација на содржините од СРЗ.

## 2.1.ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ОД СРЗ, НИВНА ЗАСТАПЕНОСТ ВО НАСТАВАТА (предмети, содржини, реализација)

Анализата на резултатите од графиконот 18 укажува на тоа дека најголемиот дел од наставниците (59,09%) ја посочиле темата пубертет како најобработувана тема, следи темата човекови права со 52,73%, потоа се темите заштита од ХИВ/СИДА со 50.91% и предрасуди и дискриминација со 50,00%. Темите љубов со 49,09% и правата на децата со 45,45% се наредните кои се посочени од наставниците како обработувани. Додека за темите емоции, еднаквост меѓу мажите и жените и планирање на семејството и заштита од несакана бременост наставниците изјавиле дека ги обработуваат со потполно иста фреквенција на одговори од 44,55%. Заштита од сексуално преносливи инфекции е обработувана со 41,82%, ранливи групи на граѓани со 30.91%, разлика меѓу пол и род со 29,09% Нешто помалку обработувани се употреба на кондом (23,64%) и заштита од сексуална злоупотреба (21,82%),

**Кои од наведените теми поврзани со СРЗ и неговата заштита сте ги обработувале во наставата?**

**ГРАФИКОН 18 ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИОД СРЗ**




Според наставниците, на темите прв сексуален однос (8,18%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (11,82%), употреба на орална контрацепција (13,64) и полови органи (16,36%) им е посветено мало внимание.

Фреквенциите на дадени одговори од графиконот 18а покажува дека поголем број од темите се нешто повеќе обработувани од страна на наставниците од македонската етничка припадност во однос на наставниците од албанската етничка припадност, освен темата предрасуди и дискриминација (52,00%АЛБ, 49.41МК). Темите еднаквост меѓу мажите и жените и права на децата, според одговорите, се обработувани со сосема ист интензитет од 44,00%. Нешто што може да се издвои е што темите полови органи (20,00%МК,4.00%АЛБ), употреба на орална контрацепција (16,47%МК, 4,00%АЛБ), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (14,12%МК, 4,00%АЛБ), прв сексуален однос (10,59%МК, 4,00%АЛБ), освен што се помалку обработувани од наставниците воопшто, од страна на наставниците од албанската етничка се обработувани со само 4,00%.

## ГРАФИКОН 18а ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИТЕ СОДРЖИНИ ОД СРЗ




| | Пубертет | Човекови права | Заштита од ХИВ/СИДА | Предрасуди и дискриминација | Љубов | Права на децата | Планирање на семјство и заштита од несакана бременост | Еднаквост меѓу мажот и жената | Емоции | Заштита од сексуално преносливи инфекции | Ранлива група на граѓани | Разликара меѓу род и пол | Употреба на кондом | Заштита од сексуална злоупотреба | Полови органи | Употреба на орална контрацепција | Хетеросексуални, хомосексуални, бисексуални односи | Прв сексуален однос | Не сме разговарале за ниту една од овие теми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 60.0 | 54.1 | 54.1 | 49.4 | 52.9 | 45.8 | 48.2 | 44.7 | 45.8 | 42.3 | 32.9 | 32.9 | 25.8 | 22.3 | 20.0 | 16.4 | 14.1 | 10.5 | 1.18 |
| Вкупно Алб | 56.0 | 48.0 | 40.0 | 52.0 | 36.0 | 44.0 | 32.0 | 44.0 | 40.0 | 40.0 | 24.0 | 16.0 | 16.0 | 20.0 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 0.00 | 0.00 |

**Наведете кои од следните теми досега сте ги обработувале на часовите по Биологија**

## ГРАФИКОН 19 СОДРЖИНИ ОД СРЗ КОИ СЕ ЗАСТАПЕНИ ВО ПРЕДМЕТОТ БИОЛОГИЈА




| | Заштита од сексуално преносливи инфекции | Заштита од ХИВ/СИДА | Планирање на семјство и заштита од несакана бременост | Размножување на човекот | Полови одлики на човекот и полови органи | Пубертет | Употреба на кондом | Менструација | Полови односи | Употреба на орална контрацепција | Не сме обработувале ниту една од овие теми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 18.82 | 17.65 | 15.29 | 15.29 | 15.29 | 11.76 | 11.76 | 11.76 | 8.24 | 8.24 | 1.18 |
| Вкупно Алб | 16.00 | 16.00 | 12.00 | 8.00 | 4.00 | 12.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Вкупно | 18.18 | 17.27 | 14.55 | 13.64 | 12.73 | 11.82 | 9.09 | 9.09 | 6.36 | 6.36 | 0.91 |

49% од испитаниците предаваат биологија. Наставниците од албанската етничка припадност кои предаваат биологија изјавиле дека овие теми се обработувани во мал процент, а за темите полови односи, употреба на кондом и употреба на орална контрацепција  се изјасниле дека воопшто не се обработувани. За разлика од нив, наставниците од македонската етничка припадност изјавиле дека ги обработувале сите наведени теми со повисок процент, што може да се види од графиконот 19.

Нешто што се наметнува како констатација е што овие содржини, според одговорите на наставниците, се обработувани малку по предметот биологија.

Трафикантите 20 и 20а ги содржат резултатите од одговорите на наставниците запрашани кои теми од прирачникот по образование за животни вештини ги обработувале досега.

Анализирајќи ги резултатите од графиконот 20а, може да се констатира дека наставниците од албанската етничка припадност, во однос на наставниците од македонската етничка припадност, повеќе ги обработувале темите заштита од ХИВ/СИДА (40.00%АЛБ,35.29%МК), пубертет (40.00%АЛБ, 36,47%МК), заштита од сексуална злоупотреба (20.00%АЛБ,15,29%МК). Останатите теми, според резултатите, повеќе се обработувани од наставниците од македонската етничка припадност, при што треба да се издвои темата разликата меѓу род и пол, која, според изјавите од наставниците од македонската етничка припадност, е обработувана со 29.41% во однос на наставниците од албанската етничка припадност (4.00%). Темите употреба на орална контрацепција (9,41%МК, 4.00%АЛБ), прв

сексуален однос (9,41%МК, 4.00%АЛБ), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (8.00%МК, 7.06%АЛБ), полови органи (10.59%МК,4.00%АЛБ), употреба на кондом (15,29%МК, 8.00%АЛБ) - може да се издвојат како теми кои се малку обработувани од страна на наставниците.

**Кои од наведените теми од прирачникот по образование за животни вештини сте ги обработувале досега?**

## ГРАФИКОН 20 ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ОД ПРИРАЧНИКОТ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ




## ГРАФИКОН 20а ЗАСТАПЕНОСТ НА ОБРАБОТУВАНИ СОДРЖИНИ ОД ПРИРАЧНИКОТ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ




| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 48.2 | 41.1 | 41.1 | 41.1 | 36.4 | 35.2 | 36.4 | 36.4 | 31.7 | 30.5 | 29.4 | 24.7 | 15.2 | 15.2 | 10.5 | 9.41 | 9.41 | 7.06 | 2.35 |
| Вкупно Алб | 36.0 | 32.0 | 28.0 | 28.0 | 40.0 | 40.0 | 32.0 | 24.0 | 16.0 | 16.0 | 4.00 | 20.0 | 20.0 | 8.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 8.00 | 16.0 |

Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека темите од прирачникот по образование за животни вештини, наставниците од македонската (74.12%) и од албанската (68.00%) етничка припадност ги обработуваат најмногу на часовите на раководител на паралелката. На дополнителни часови (20.00%АЛБ и 11.76%МК), како и на други часови (24.00 АЛБ%), овие теми повеќе ги обработуваат наставниците од албанската етничка припадност (графикон 21).

**На кои часови ги обработувате темите од прирачникот по образование за животни вештини?**

ГРАФИКОН 21 ЧАСОВИ НА КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ ТЕМИТЕ ОД ПРИРАЧНИКОТ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ




| | Вкупно Мак | Вкупно Алб | Вкупно |
|---|---|---|---|
| На часовите на раководител на паралелката | 74.12 | 68.00 | 72.73 |
| На дополнителни часови | 11.76 | 20.00 | 13.64 |
| Наведете други часови | 0.00 | 24.00 | 5.45 |

Во контекст на прашањето кое се однесува на динамиката на реализација на темите од СРЗ, 28.00% наставници од албанската етничка припадност и 25.88% наставници од македонската етничка припадност изјавиле дека темите кои се однесуваат на СРЗ и неговата заштита ги обработуваат еднаш неделно. За тоа дека овие теми ги обработуваат на 2 часа во месецот, изјавиле 21,18% наставници од македонската етничка припадност и 12.00% од албанската етничка припадност, што е прикажано на графиконот 22. Најмногу наставници од македонската етничка припадност (31.76%) и 20.00% наставници од албанската етничка припадност, се изјасниле дека темите од СРЗ ги обработуваат на еден час во месецот. 12.00% наставници од албанската етничка припадност одговориле дека содржините ги обработуваат еднаш во полугодието, а исто толку (12.00%) дека не знаат дали овие содржини воопшто се обработуваат.

Глобално гледано, од вкупниот број на испитаници, најмногу позитивни одговори има дека темите од СРЗ наставниците ги обработуваат на еден час во месецот (29.09%). За тоа дека овие содржини ги обработуваат еднаш неделно изјавиле 26.36%, а 19,09% од наставниците темите ги обработуваат на 2 часа во месецот.

**Колку наведените теми се обработуваат на часовите на раководител на паралелката?**

ГРАФИКОН 22 ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕМИТЕ ОД СРЗ ВО НАСТАВАТА




| | На 1 час во месецот | Еднаш неделно | На 2 часа во месецот | Не знам | На 1 час во полугодие | На 1 час годишно | Овие теми не се работат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 31.76 | 25.88 | 21.18 | 4.71 | 2.35 | 1.18 | 0.00 |
| Вкупно Алб | 20.00 | 28.00 | 12.00 | 12.00 | 12.00 | 0.00 | 4.00 |
| Вкупно | 29.09 | 26.36 | 19.09 | 6.36 | 4.55 | 0.91 | 0.91 |

**Колку од времето на часовите на раководител на паралелката посветувате на овие теми?**

## ГРАФИКОН 23 ВРЕМЕНСКА ЗАСТАПЕНОСТ НА ТЕМИТЕ ОД СРЗ НА ЧАСОВИТЕ




| | 30 минути | 45 минути | 15 минути | Овие теми не се работат |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 47.06 | 18.82 | 18.82 | 1.18 |
| Вкупно Алб | 28.00 | 24.00 | 24.00 | 8.00 |
| Вкупно | 42.73 | 20.00 | 20.00 | 2.73 |

Како што може да се забележи од графиконот 23, мнозинството испитаници (42,73%), од кои 47,06% наставници од македонската етничка припадност и 28,73% наставници од албанската етничка припадност, изјавуваат дека 30 минути од времето на часовите на раководител на паралелката посветуваат на теми од прирачникот по образование за животни вештини кои се однесуваат на СРЗ.

20.00% од наставниците (24.00% АЛБ и 18,82% МК) изјавуваат дека 45 минути од времето на часовите на раководител на паралелката посветуваат на теми од прирачникот по образование за животни вештини кои се однесуваат на СРЗ, а потполно ист процент на одговори (20.00%) од наставниците се добиени и за тоа дека овие теми ги обработуваат 15 минути од времето на часовите на раководител на паралелката.

**На кој начин треба да се обработуваат темите поврзани со СРЗ?**

## ГРАФИКОН 24 НАЧИНИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ




| | Како изборен предмет | Како и досега | Како редовен предмет | Надв. од наставата проф. предавач |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 41.18 | 35.29 | 20.00 | 0.00 |
| Вкупно Алб | 48.00 | 32.00 | 16.00 | 4.00 |
| Вкупно | 42.73 | 34.55 | 19.09 | 0.91 |

Според наставниците, најдобар начин е содржините од СРЗ да се реализираат преку предмет кој учениците можат да го избираат по желба, за што се изјасниле 42,73% наставници, од кои 48,00% наставници од албанската етничка припадност и 41,18% наставници од македонската етничка

припадност, што се констатира од графиконот 24. Меѓутоа, прилично голем број од наставниците (34,55%) го поддржуваат и досегашниот начин на реализација на од СРЗ. А за тоа овие содржини да се изучуваат преку редовен предмет се искажале сосема мал број на наставници, и тоа 19,09%.

## 2.2. ПОТРЕБА ОД ПОГОЛЕМА ЗАСТАПЕНОСТ НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ

Вториот аспект од овој дел на истражувањето се разгледуваше преку прашањата кои требаше да ја отсликаат состојбата за потребата на учениците од разговор со наставниците за темите поврзани со СРЗ, како и потребата од поголема застапеност на темите од СРЗ, сето тоа разгледувано преку призмата на наставниците.

**За кои од наведените теми учениците најчесто имаат потреба да разговараат?**

ГРАФИКОН 25 СОДРЖИНИОД СРЗ ЗА КОИ УЧЕНИЦИТЕ ИМААТ ПОТРЕБА ДА РАЗГОВАРААТ




| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 52.94 | 47.06 | 47.06 | 41.18 | 43.53 | 37.65 | 30.59 | 17.65 | 20.00 | 14.12 | 14.12 | 10.59 | 2.35 |
| Вкупно Алб | 48.00 | 52.00 | 36.00 | 44.00 | 32.00 | 32.00 | 40.00 | 20.00 | 8.00 | 16.00 | 8.00 | 12.00 | 4.00 |
| Вкупно | 51.82 | 48.18 | 44.55 | 41.82 | 40.91 | 36.36 | 32.73 | 18.18 | 17.27 | 14.55 | 12.73 | 10.91 | 2.73 |

Според наставниците, меѓу најзастапените теми за кои учениците имаат потреба да разговараат се пубертет со 51,82% (52,94%МК,48,00%АЛБ) и предрасуди и дискриминација со 48,18% (52,00%МК.47.06%АЛБ). Со нешто пониска фреквенција на одговори следат темите: љубов со 44,55% (47,06% МК, 36,00% АЛБ), заштита од сексуално преносливи инфекции со 41,18% (44,00% АЛБ, 41,18% МК) и заштита од ХИВ/СИДА со 40.91% (43,53% МК,32.00% АЛБ). Еднаквост меѓу мажите и жените (36,36%), планирање на семејството и заштита од несакана бременост( 32,73%) се теми за кои, според наставниците, учениците имаат одреден интерес. За останатите теми, како што се разликата меѓу род и пол (18,18%), прв сексуален однос (17,27%), употреба на кондом (14,55%), хомосексуални односи (12,83%) и употреба на орална контрацепција (10,91%), постои многу мал интерес кај учениците, што може да се констатира од графиконот 25.

**Според Вас, кои од наведените теми треба да бидат застапени ВО ПОГОЛЕМА МЕРА во рамките на постојните содржини поврзани со СРЗ и неговата заштита?**

Анализата на графиконот 26 покажува дека според мислењето на наставниците, теми за кои постои потреба од поголем застапеност во рамките на постојните содржини поврзани со СРЗ се: соочување со навредливи коментари на Фејсбук со 58,18%, од кои наставниците од македонската

етничка припадност покажале повисок процент на одговори (63,53%) во однос на наставниците од албанската етничка припадност (40.00%). Според фреквенцијата на дадени одговори, втората тема по застапеност за која се изјасниле наставниците е како да избегнам закани и малтретирање во училиште со 50.00% (52,00% АЛБ и 49,41% МК). Каде да побарам совет за моето сексуално здравје со 49,09% (50,59% МК и 44.00% АЛБ) е наредната тема која, според наставниците, треба да биде застапена. За темата кога е најдобро да се има првиот сексуален однос со 48.18%, постои прилично голема разлика во добиените одговори од страна на наставници од македонската етничка припадност (54.12%) во однос на одговорите на наставници од албанската етничка припадност (28.00%). Следат темите: како да се заштитам од несакана бременост со 42.73%, каде да побарам совет за моето сексуално здравје со 41,82%, кога и на кој лекар треба да се обратам со 37,27%, абортус 35,45%, дали е нормално да си геј/лезбијка со 30.00%, дискриминација и сексуална ориентација со 29.09%. За останатите теми, според наставниците, постои мала заинтересираност од страна на учениците.

**ГРАФИКОН 26 ПОТРЕБА ОД ПОГОЛЕМА ЗАСТАПЕНОСТ НА СОДРЖИНИ ОД СРЗ**




| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 63.5 | 49.4 | 50.5 | 54.1 | 44.7 | 42.3 | 42.3 | 38.8 | 37.6 | 35.2 | 29.4 | 30.5 | 18.8 | 23.5 | 12.9 | 17.6 | 10.5 | 11.7 | 0.00 |
| Вкупно Алб | 40.0 | 52.0 | 44.0 | 28.0 | 36.0 | 40.0 | 20.0 | 24.0 | 4.00 | 8.00 | 28.0 | 8.00 | 28.0 | 8.00 | 32.0 | 4.00 | 16.0 | 4.00 | 4.00 |
| Вкупно | 58.1 | 50.0 | 49.0 | 48.1 | 42.7 | 41.8 | 37.2 | 35.4 | 30.0 | 29.0 | 29.0 | 25.4 | 20.9 | 20.0 | 17.2 | 14.5 | 11.8 | 10.0 | 0.91 |

Нешто што може да се забележи при анализата на добиените податоци од графиконот 26 е разликата меѓу одговорите на наставниците од македонската и од албанската етничка припадност кај темите: соочување со навредливи коментари на Фејсбук со 58,18% (63,53% МК и 40.00% АЛБ), кога е најдобро да се има првиот сексуален однос со 48.18% (54.12% МК и 28.00% АЛБ), како правилно се користи кондом 20.00% (23.53% МК и 8.00 АЛБ%), сексуална ориентација со 29.09% (35.29%МК и 8.00%), што е тоа прерана ејакулација со 14.55% (17,65% и 4.00%), дали е нормално да си геј/лезбијка со 30.00% (37.65%МК и 4.00%АЛБ), хомофобија 25.45% (30.59% и 8.00%), кога и на кој лекар треба да се обратам 37.27% (42.35%МК и 20.00%АЛБ), абортус 35,45% (38.82%МК и 24.00АЛБ), како и врски и симпатии 17.27% (32.00АЛБ и 12.24%МК), прва љубовна врска 20.91% (28.00%АЛБ и 18.82%).

## 2.3. ПРЕДИЗВИЦИ И УСЛОВИ ЗА ПОДОБРА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ

Со минувањето на времето, наставниците, како актери на образовниот систем, минуваат низ природни развојни промени – стануваат постари и поискусни, постепено се менуваат нивните способности и социјални компетенции, се менуваат нивните потреби и интереси. Се менува и мотивацијата за работа што, пак, доведува до промена на односите спрема учењето и работата. Токму од тие причини, во последниот дел од истражувањето е ставен акцент врз потребите и предизвиците со кои се соочуваат наставниците за реализација на содржините кои се однесуваат на СРЗ и неговата заштита.

**За кои од наведените теми Ви е потребно стручно усовршување застекнување на соодветни вештини за работа со ученици?**

## ГРАФИКОН 27 ПОТРЕБА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ




| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 28.24 | 28.24 | 24.71 | 24.71 | 20.00 | 20.00 | 17.65 | 17.65 | 10.59 | 14.12 | 12.94 | 9.41 | 8.24 |
| Вкупно Алб | 32.00 | 24.00 | 24.00 | 20.00 | 24.00 | 12.00 | 20.00 | 16.00 | 16.00 | 4.00 | 8.00 | 12.00 | 8.00 |
| Вкупно | 29.09 | 27.27 | 24.55 | 23.64 | 20.91 | 18.18 | 18.18 | 17.27 | 11.82 | 11.82 | 11.82 | 10.00 | 8.18 |

Изразувајќи го своето мислење за тоа како гледаат на потребата за стручно усовршување за стекнување соодветни вештини при реализација на содржините од СРЗ и неговата заштита, најголем дел од наставниците (29.09%) се изјасниле за темата заштита од сексуално преносливи инфекции.

Приближно исто, 27.27% од наставниците истакнале дека не им е потребно стручно усовршување од оваа област.

24.55% од наставниците искажале потреба од обуки на темата предрасуди и дискриминација, а 23,64% за заштита од ХИВ/СИДА, за планирање на семејството и заштита од несакана бременост се изјасниле 20,91% од наставниците. За темите разликата меѓу род и пол и еднаквост меѓу мажите и жените потреба од усовршување искажале 18,18% од наставниците. Наредна тема за која наставниците имаат потреба од усовршување е пубертет (17,27%).

Употреба на кондом, прв сексуален однос и хомосексуални односи се теми за кои наставниците изразиле мала потреба од стручно усовршување од 11.82%, сличен процент на одговори имаат дадено и за темите употреба на орална контрацепција 10.00% и љубов 8.18% (графикон 27).

Запрашани за предизвиците со кои се соочуваат реализирајќи ги содржините од прирачникот за образование за животни вештини, 50.00% од наставниците, и тоа 52,94 од македонската етничка припадност и 40.00% од албанската етничка припадност, истакнале дека немаат доволно време за обработка на овие содржини, што може да се забележи од графиконот 28.

За 46,36% од наставниците (56.00% АЛБ и 43,53% МК) постои недостаток од прирачници и дополнителни информации, а 17,27% (20.00% АЛБ и 16,47% МК) од испитаниците изјавиле дека при обработувањето на содржините од прирачникот за образование за животни вештини постои незаинтересираност од страна на учениците.

Согласноста од родителите за обработка на овие содржини претставува проблем според 14,55% од наставниците, и тоа за 15,59% наставници од македонската етничка припадност и 12.00% од албанската етничка припадност.

Недостаток од комуникациски вештини за предавање на наведените теми претставува проблем за 11,82% од наставниците, и тоа 16.00% АЛБ и 10.59% МК.

**Со кои предизвици се соочувате при имплементација на содржините од прирачникот за образование за животни вештини?**

## ГРАФИКОН 28 ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПРИРАЧНИКОТ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ




| | Недостаток на време | Недостаток на прирачници и дополнителни информации | Незаинтересираност од страна на учениците | Согласност од родителите | Комуникациски вештини за предавање на наведените теми | Друго (што) хонорар и мотивација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 52.94 | 46.36 | 16.47 | 15.29 | 10.59 | 0.00 |
| Вкупно Алб | 40.00 | 56.00 | 20.00 | 12.00 | 16.00 | 4.00 |
| Вкупно | 50.00 | 43.53 | 17.27 | 14.55 | 11.82 | 0.91 |

Анализирајќи ги добиените одговори од испитаниците за тоа каква е поддршката на наставниците при реализација на темите од СРЗ, може да се констатира дека вкупниот процент на позитивни одговори, што изнесува 69.09%, го изразува мислењето на наставниците дека поддршката што ја добиваат од училиштата при реализација на темите кои се поврзано со СРЗ е прилично голема. Притоа, фреквенцијата на позитивни одговори од страна на наставниците од македонската етничка припадност изнесува 80.00%, а на наставниците од албанската етничка припадност изнесува 32.00%,

Процентот на наставниците кои сметаат дека поддршката што ја добиваат од училиштето е делумна изнесува 18,18%, при што наставниците од албанската етничка припадност имаат фреквенција на позитивни одговори по ова прашање од 48,00%, во однос на одговорите на наставниците од македонската етничка припадност (9.41%).

Многу е мал процентот на негативни одговори во однос на ова прашање од страна на испитаниците и изнесува 2,73%, што може да се види од графиконот 29.

Запрашани за тоа кои се условите што им се потребни за да имаат непречена и добра реализација на содржините од СРЗ, наставниците го изразија своето мислење ставајќи ги на прво место потребите на учениците, односно потребата од дополнителни материјали за учениците (55,45%). Но според наставниците, и ним во голема мера од 52,73% им се потребни дополнителни прирачници и алатки (графиконот 30).

Обуките на наставниците за зголемување на знаењата за темите од СРЗ, според наставниците, се на трето место, со 49,09%, а обуките за стекнување вештини за подобра реализација на овие теми им се потребни со 47,06%.

**Дали имате поддршка од страна на училиштето за реализација на содржините кои се застапени во наставата за сексуалното и репродуктивно здравје и неговата заштита?**

### ГРАФИКОН 29 ПОДДРШКА ОД УЧИЛИШТЕТО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ




| | Вкупно Мак | Вкупно Алб | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Има добра поддршка | 80.00 | 32.00 | 69.09 |
| Има делумна поддршка | 9.41 | 48.00 | 18.18 |
| Нема поддршка | 2.35 | 4.00 | 2.73 |

**Што ви е потребно за подобра реализација на содржините кои се застапени во наставата за сексуалното и репродуктивноздравје и неговата заштита?**

### ГРАФИКОН 30 ПОТРЕБНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД СРЗ




| | Дополнителен материјал за ученици | Дополнителни прирачници и алатки за наставниците | Обука за зголемени знаења за наведените теми | Обука за вештини како да се предава на овие теми | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Мак | 56.47 | 54.12 | 49.09 | 40.91 | 0.00 |
| Вкупно Алб | 52.00 | 48.00 | 44.00 | 20.00 | 0.00 |
| Вкупно | 55.45 | 54.12 | 50.59 | 47.06 | 0.00 |

# ДИСКУСИЈА

Здравјето е фундаментално човеково право, што подразбира највисоко ниво на физичко и ментално здравје и во тие рамки, секоја држава треба да ги преземе сите соодветни мерки, вклучувајќи ги и тие што се однесуваат на репродуктивното здравје, кое во поширока смисла ги опфаќа планирањето семејство и сексуалното здравје. Кон достигнување на поголеми остварувања во доменот на унапредувањето на СРЗ се стремат и современите здравствени политики.

Од друга страна, пак, образовниот систем, како отворен, флексибилен и комплексен систем којшто има фундаментално влијание врз развојот на една здрава личност, треба да ги задоволи стандардите за компатибилност, современост и ефикасност, од каде што произлегуваат и настојувањата да се обезбедат сите претпоставки тој да биде што поквалитетен за да одговори на својата функција, која, пак, наметнува сè повеќе барања пред непосредните учесници во училишниот живот. Подигнувањето на квалитетот на работата на училиштата, квалитетот на наставниот процес и на образованието воопшто, зависи од наставните кадри како носечки фактори и клучна карика во процесот на внесување, спроведување и одржување на промените, во конечна инстанца, најодговорни субјекти во ефектуирањето на образовниот процес. Од професионалната подготвеност на наставниците, нивната ангажираност и мотивираност најмногу зависи колку и како ќе се остваруваат реформите и унапредувањето на образовниот процес во функција на развојот и на личноста и на општеството. Притоа од наставниците се бара да бидат отворени за промени во парадигмите на образованието, целите, формите, содржините и методите на наставата и учењето, научните сознанија и слично.

Истражувањето базирано врз овие аргументи беше спроведено и ја отсликува постојната состојба која се однесува на можностите за информираност на учениците за заштита на репродуктивното здравје, како и на потребите и предизвиците со кои се соочуваат наставниците за да им излезат во пресрет на учениците кога е во прашање овој проблем.

Според резултатите од истражувањето, учениците сметаат дека обработувале содржини кои се однесуваат на здравјето и неговата заштита во досегашното образование, бидејќи 76,60% од вкупниот број на испитаници го изразиле своето мислење во таа насока.

Кога станува збор за обработуваните содржини кои се однесуваат на СРЗ, од вкупниот број на испитаници, повеќе од половина (55,32%) одговориле дека ги обработувале овие содржини.

Податоците околу ставот на учениците за најчесто обработувани содржини од СРЗ покажуваат дека најголем процент се изјасниле за темите заштита од ХИВ/СИДА (75,15%), пубертет (73,64%), човекови права (65,45%), заштита од сексуално преносливи инфекции (62,42%), полови органи со 59.39% и правата на децата, застапена со 56,36%. Содржините за употреба на кондом и љубов имаат потполно иста фреквенција на одговори (41,52%). Нешто поретко обработувани теми се: еднаквост меѓу мажите и жените, која според податоците е обработувана со зачестеност од 39,39%, потоа следат предрасуди и дискриминација (35,76%) и планирање семејство и заштита од несакана бременост (33,94%). Судејќи според одговорите, темите: разлика меѓу пол и род (27,27%), заштита од сексуална злоупотреба (26,36%) и емоции (24,85%) се малку обработувани.

Додека темите, прв сексуален однос (16,06%), ранливи групи на граѓани (12,12%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (11,52%), употреба на орална контрацепција (11,21%) се сосем малку обработувани теми. Во поглед на тоа во која година ги обработувале овие содржини, од вкупниот број на испитаници, 82,42% одговориле дека овие содржини ги обработувале во осмо одделение, 53,64% во прва година на средното образование, а 32,73% во седмо одделение. Нешто на што треба да се обрати внимание е тоа што учениците од македонска етничка припадност изјавиле во поголем процент (90,20%) дека содржините за СРЗ ги изучувале во осмо одделение, 51,37% - во прва година на средното образование, учениците од албанска етничка припадност во поголем процент (61,33%) изјавиле дека овие содржини ги обработувале во прва година на средното образование, додека 56,00% одговориле дека содржините за СРЗ ги изучувале во осмо одделение.

Сознанијата за СРЗ и неговата заштита учениците во најголем дел ги добиваат на часовите по предметот биологија (81,21%), додека помал дел од сознанијата за СРЗ добиваат на часовите по граѓанско образование (31,12%) и на часовите на раководител на паралелката (26,67%),

Најобработувани теми на часовите по биологија се размножување на човекот (88,18%), полови одлики на човекот и полови органи (70,91%), пубертет (66,67%) и заштита од ХИВ/СИДА (63,33%), како и темите: менструација (54,24%), полови односи (47,58%), заштита од сексуално преносливи инфекции (36,97%), кои се исто така прилично застапени. Додека на темите употреба на кондом со 21,82%, планирање на семејството и заштита од несакана бременост (21,21%) и употреба на орална контрацепција (8,48%) им е посветено помало внимание.

Во поглед на реализацијата на часови по образование за животни вештини, 39,14% од испитаниците

изјавиле дека ги реализираат овие часови, при што фреквенцијата на позитивни одговори кај испитаниците од македонска етничка припадност (42,69%) е прилично поголема од позитивните одговори добиени од испитаниците од албанска етничка припадност (27,03%).

Кога станува збор за теми кои ги обработувале на часовите на раководител на паралелката, повеќе од половина од испитаниците (50,61%) одговориле дека тоа е темата човекови права, темите пубертет (38,48%), правата на децата (37,58%), предрасуди и дискриминација (35,15%) и прв сексуален однос (30,00%) се обработуваат со приближно иста застапеност. На темите: разлика меѓу род и пол (13,03%), употреба на кондом (12,42%), ранливи групи на граѓани (11,52%) а особено за планирање на семејството и заштита од несакана бременост (9,39%), заштита од сексуална злоупотреба (9,09%), полови органи (8,79%), прв сексуален однос (6,67%), љубов (3,33%), употреба на орална контрацепција (3,03%) им е посветено сосема малку внимание.

Кога е во прашање динамиката на реализација на содржините од СРЗ, 12,05% од испитаниците одговориле дека содржините ги обработуваат еднаш неделно, 11,75% дека ги обработуваат на два часа во месецот, 15,66% од учениците одговориле дека овие содржини ги обработуваат еднаш во месецот, 15,06% еднаш во полугодието, 16,27% еднаш во годината и конечно, 24,70% изјавиле дека никогаш не се зборувало за овие теми на часовите.

За мнозинството ученици (48,64%), наставниците содржините од СРЗ ги предаваат на јасен и разбирлив начин. За 39,58% од учениците наставниците тоа го прават делумно јасно и разбирливо, а 4,83% од учениците изразиле незадоволство од начинот на пренесување на содржините за СРЗ.

Кога се зборува за недостатоците при реализација на темите од СРЗ, на глобално ниво, евидентно е дека основни недостатоци според учениците се тоа што времето кое се посветува на овие теми е кратко и многу ретко се зборува на овие теми (43,33%), како и тоа дека учениците не се дисциплинирани (36,36%), кога се зборува за овие теми не се зборува на отворен начин (34,85)%.

Треба да се потенцира дека постои разлика во ставовите на учениците, односно за учениците од албанската етничка припадност најголем недостаток е тоа што времето кое се посветува на овие теми е кратко (41.33%), во однос на учениците од македонска етничка припадност, за кои, пак, најголем недостаток е тоа што многу ретко се зборува на овие теми (47.06%).

Кога имаат прашања во врска со СРЗ и неговата заштита, учениците (42,73%) најчесто му се обраќаат на раководителот на паралелката. Помала доверба (26,67%) учениците укажуваат на училишниот психолог.

Учениците во голем процент (35,76%) одговориле дека доколку имаат потреба, тие не се обраќаат на никого од училиштето. Содржини од СРЗ како што се кога е најдобро да се има првиот сексуален однос (50,61%), првата љубовна врска (41,82%), врски и симпатии (36,36%), како да избегнам закани и малтретирање во училиште (32,12%) и каде да побарам помош ако е нарушена мојата приватност (30,00%) се содржини за кои кај учениците има одреден интерес. Помал интерес постои за темите: како да се заштитам од несакана бременост (27,27%), како правилно се користи кондом (25,76%), што е тоа прерана ејакулација (25,45%), кога и на кој лекар треба да се обратам (23,33%), соочување со навредливи коментари на Фејсбук (22,73%). Прилично мал интерес постои за темите сексуална ориентација (18,18%), каде да побарам совет за моето сексуално здравје (17,88%), мастурбација (17,88%), дискриминација (17,88%), абортус (16,67%), хомофобија (15,76%), дали е нормално да си геј/лезбијка (14,24%), род и пол (10,00%).

Најмногу информации поврзани со СРЗ, надвор од училиштето, учениците добиваат од родителите (56,36%), и тоа повеќе е изразено кај девојчињата (64,16%) отколку кај момчињата (47,77%).

Прилично голем процент на ученици (53,64%) информациите ги добиваат од Интернет, при што и тука девојчињата се позастапени (60,69%) во однос на момчињата (46,50%). Другарите (38,48%) на кои учениците им се обраќаат кога им требаат информации во врска со СРЗ се на трето место по важност. Учениците од македонска етничка припадност (62,35%) повеќе информации добиваат од родителите, за разлика од учениците од албанска етничка припадност (36,00%), кои, пак, повеќе информации добиваат од другарите (44,00%) во однос на учениците од македонска етничка припадност (36,86%). Од Интернет повеќе информации црпат учениците од македонска етничка припадност (57,25%) во однос на учениците од албанска етничка припадност (42,67%).

Постои одредена контрадикторност во дадените одговори на учениците во однос на тоа што првично даваат податок дека поголемиот број на информации ги добиваат од Интернетот, но запрашани од која веб-страница добиваат информации, голем процент (70,61%), изјавиле дека не користат Интернет. Во останатиот процент од 24,84% учениците ги посочиле следните веб-страници на Интернет: facebook.com, wikipedia.com, google.com, telegrafi.com.mk, youtube.com, порно сајтови, zdravje.com.mk, femina.com.mk.

Според мислењето на наставниците, најобработувани теми од СРЗ претставуваат пубертет (59,09%),

човекови права (52,73%), заштита од ХИВ/СИДА (50.91%), предрасуди и дискриминација (50,00%), љубов (49.09%), правата на децата (45,45%), емоции, еднаквост меѓу мажите и жените и планирање на семејството и заштита од несакана бременост (44,55%), заштита од сексуално преносливи инфекции (41,82%), ранливи групи на граѓани (30.91%), разлика меѓу пол и род (29.09%). Помалку обработувани теми се: употреба на кондом (23.64%), заштита од сексуална злоупотреба (21.82%),

Теми на кои им се посветува помало вниманиесе: прв сексуален однос (8,18%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (11,82%), употреба на орална контрацепција (13,64), полови органи (16,36%)

Предметот биологија го предаваат половина од испитаниците. Општ впечаток е дека содржини од СРЗ по предметот биологија, според наставниците, се обработувани малку. Во таа насока, според наставниците од албанската етничка припадност кои предаваат биологија, овие теми се обработувани во мал процент, а темите полови односи, употреба на кондом и употреба на орална контрацепција, воопшто не се обработувани. За разлика од нив, наставниците од македонската етничка припадност изјавиле дека со повисок процент ги обработуваат сите наведени теми.

При реализација на теми кои се однесуваат на СРЗ од прирачникот по образование за животни вештини, наставниците од албанската етничка припадност повеќе ги обработувале темите заштита од ХИВ/СИДА (40.00% АЛБ, 35.29% МК), пубертет (40.00% АЛБ, 36,47% МК), заштита од сексуална злоупотреба (20.00% АЛБ, 15,29% МК), во однос на наставниците од македонската етничка припадност. Останатите теми повеќе се обработувани од страна на наставниците од македонската етничка припадност. Темите употреба на орална контрацепција (9,41%МК, 4.00%АЛБ), прв сексуален однос (9,41%МК,4.00%АЛБ), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (8.00% МК, 7.06% АЛБ), полови органи (10.59% МК,4.00% АЛБ), употреба на кондом (15,29% МК, 8.00% АЛБ), треба да се издвојат како теми на кои им е посветено мало внимание.

Темите од прирачникот по образование за животни вештини, наставниците од македонската (74.12%) и од албанската (68.00%) етничка припадност ги обработуваат најмногу на часовите на раководител на паралелката. На дополнителни часови (20.00% АЛБ и 11.76% МК), како и на други часови (24.00 АЛБ%), овие теми повеќе ги обработуваат наставниците од албанската етничка припадност.

29.09%. од наставниците изјавиле дека темите од СРЗ ги обработуваат на еден час во месецот. За тоа дека овие содржини ги обработувале еднаш неделно изјавиле 26.36%, а 19,09% изјавиле дека темите ги обработуваат на два часа во месецот.

Интересно е што 4.55% од наставниците изјавуваат дека темите од СРЗ ги обработуваат на еден час во полугодието и 0,91% на еден час во годината, што во целост се коси со одговорите на учениците, кои, пак, во голем процент изјавуваат дека темите од СРЗ ги обработуваат еднаш во полугодието (15,06%) и еднаш во годината (16,27%).

Мнозинството испитаници (42,73%) изјавуваат дека 30 минути од времето на часовите на раководител на паралелката посветуваат на теми од прирачникот по образование за животни вештини кои се однесуваат на СРЗ, а 20.00% изјавуваат дека посветуваат 45 минути од времето на часовите на раководител на паралелката. Потполно ист процент (20.00%) од наставниците изјавува дека на овие теми им посветува 15 минути од времето на часовите на раководител на паралелката.

42,73% од наставниците сметаат дека содржините од СРЗ треба да се реализираат преку изборен предмет. Меѓутоа, прилично голем е бројот и на наставниците (34,55%) кои го поддржуваат досегашниот начин на реализација на од СРЗ. А за тоа дека овие содржини треба да се изучуваат преку редовен предмет се искажале сосема мал број наставници, и тоа 19,09%.

Теми за кои учениците имаат потреба да разговараат според наставниците се пубертет со 52,94% и предрасуди и дискриминација со 48,18%, љубов со 44,55%, заштита од сексуално преносливи инфекции со 41,18% и заштита од ХИВ/СИДА со 40.91%. Теми за кои учениците имаат одреден интерес се еднаквост меѓу мажите и жените (36,36%), планирање на семејството и заштита од несакана бременост (32,73%). За останатите теми, како што се разликата меѓу род и пол (18,18%), прв сексуален однос(17,27%), употреба на кондом (14,55%), хомосексуални односи (12,83%) и употреба на орална контрацепција (10,91%) постои прилично помал интерес кај учениците.

Што се однесува на темите за кои наставниците мислат дека треба да се повеќе застапени во рамките на постојните содржини поврзани со СРЗ се: соочување со навредливи коментари на Фејсбук со 58,18%, како да избегнам закани и малтретирање во училиште со 50.00%, каде да побарам совет за моето сексуално здравје со 49,09%, кога е најдобро да се има првиот сексуален однос со 48.18%, како да се заштитам од несакана бременост со 42.73%, каде да побарам совет за моето сексуално здравје со 41,82%, кога и на кој лекар треба да се обратам со 37,27%, абортус 35,45%, дали е нормално да си геј/лезбејка со 30.00%, дискриминација и сексуална ориентација со 29.09%. За останатите теми, според наставниците, постои мала заинтересираност од страна на учениците.

Најголем дел од наставниците (29.09%) мислат дека им треба стручно усовршување за темата заштита од сексуално преносливи инфекции. 24.55% од наставниците искажале потреба од обуки на темата предрасуди и дискриминација, а 23,64% за заштита од ХИВ/СИДА, за планирање на семејството и заштита од несакана бременост се изјасниле 20,91%, за темите разликата меѓу род и пол и еднаквост меѓу мажите и жените потреба од усовршување искажале 18,18%, а за пубертет 17,27% За останатите теми има сосем мал интерес за усовршување од страна на наставниците. Дури 27.27% од наставниците истакнале дека не им е потребно стручно усовршување од оваа област. Како основен проблем при реализација на содржините од СРЗ, најмногу од наставниците (50.00%) го истакнуваат немањето доволно време за обработка на овие теми. За 46,36% од наставниците постои недостаток од прирачници и дополнителни информации, а 17,27% сметаат дека постои незаинтересираност од страна на учениците при обработка на содржините од СРЗ. Согласноста од родителите за обработка на овие содржини претставува проблем според 14,55% од наставниците.

Вкупниот процент на позитивни одговори, којшто изнесува 69.09%, го изразува мислењето на наставниците дека поддршката што ја добиваат од училиштата при реализација на темите поврзани со СРЗ е прилично голема. Наставниците кои сметаат дека поддршката што ја добиваат од училиштето е делумна изнесува 18,18%.

За да можат да ги реализираат содржините од СРЗ, наставниците како најважна ја истакнуваат потребата од дополнителни материјали за учениците (55,45%). И потребата од дополнителни прирачници и алатки за наставниците е прилично голема, според наставниците (52,73%). Обуките на наставниците за зголемување на знаењата за темите од СРЗ, според самите наставници, се на трето место со 49,09%, а обуките за стекнување на вештини за подобра реализација на овие теми им се потребни на наставниците според 47,06% од нив.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

- Анализата понудена во рамките на истражувањето покажува дека кај 55% од учениците - испитаници преовладува мислењето дека во своето образование обработувале теми од СРЗ, додека според 34% од нив, овие содржини досега не се обработувани.
- Најчесто обработувани содржини кои се однесуваат на заштита на СРЗ, според учениците, се заштита од ХИВ/СИДА (75%), пубертет (73,64%), човекови права (65,45%), заштита од сексуално преносливи инфекции (62,42%), полови органи со 59.39%, правата на децата, застапена со 56,36%. Дека на темите прв сексуален однос (16,06%), хетеросексуални, хомосексуални и бисексуални односи (11,52%) и употреба на орална контрацепција (11,21%) им се посветува мало внимание, се согласуваат и учениците и наставниците. Учениците изјавуваат дека и темата ранливи групи на граѓани (12,12%) е малку обработувана, а за наставниците, тоа е темата полови органи (16,36%)
- Според резултатите добиени од учениците, се добива впечаток дека на одредени теми поврзани со СРЗ на часовите на раководител на паралелката им се посветува мало внимание: разлика меѓу род и пол (13,03%), употреба на кондом (12,42%), планирање на семејството и заштита од несакана бременост (9,39%), заштита од сексуална злоупотреба (9,09%), прв сексуален однос (6,67%), љубов (3,33%), употреба на орална контрацепција (3,03%) Ставовите на наставниците се многу слични со изјавите на учениците. Разлика постои само кај темата љубов, за која наставниците мислат дека и се посветува поголемо внимание (35,45%)
- Учениците изјавуваат дека со темата прв сексуален однос (6,67%) се запознаени сосем малку, а во исто време, 50,61% искажуваат потреба од информираност за тоа кога е најдобро да се има првиот сексуален однос.
- Како општ заклучок се наметнува сознанието дека учениците од албанската припадност во помал процент ги обработуваат темите поврзани со СРЗ, за разлика од учениците од македонската припадност (темата СПИ 72% МК наспроти 33% АЛБ). Темата разликата меѓу род и пол, според изјавите од наставниците од македонската етничка припадност, е обработувана со 29.41% во однос на наставниците од албанската етничка припадност (4.00%), употреба на кондом (15,29%МК,8.00%АЛБ).
- Дури 82,42% од учениците одговориле дека содржините од СРЗ ги обработувале во осмо одделение. Притоа, 81% изјавиледека овие содржини се обработуваат на часовите по биологија, за 31% од учениците овие содржини се изучуваат на часовите по граѓанско образование, а 27% се изјасниле дека овие содржини ги обработуваат на часовите на раководител на паралелката, наспроти одговорите добиени од наставниците, од кои 72,73% изјавиле дека темите од прирачникот по образование за

животни вештини  ги обработуваат најмногу на часовите на раководител на паралелката. За да се добие целосна слика, на овој заклучок треба да се додадат и одговорите кои учениците ги имаат дадено запрашани „Дали досега реализирале часови по образование за животни вештини?“ Имено, 39,14% од учениците изјавиле дека реализираат часови по образование за животни вештини, а 36,09% од нив се изјаснуваат негативно по однос на ова прашање.

- Со оглед на приложената анализа, во врска со динамиката на реализација на содржините од СРЗ според учениците, тешко е да се понуди единствена интерпретација на добиените резултати, но сепак, како најприфатлива во овој случај се чини констатацијата дека учениците во дисконтинуитет ги обработуваат содржините од СРЗ во наставата, наспроти наставниците,  од кои 29% тврдат дека темите кои се однесуваат на СРЗ и неговата заштита се обработуваат еднаш месечно, при што за 42,73% од нив, на овие теми им се посветуваат по 30 минути од часот.
- 48% од учениците сметаат дека кога ги предаваат содржините од СРЗ, наставниците тоа го прават на јасен и разбирлив начин, при што како најголеми пречки ги наведуваат краткото време за реализација на овие содржини (43%) и тоа што, кога се зборува на овие теми, не се зборува на отворен начин (35%).
- Анализата на одговорите од учениците го наметна заклучокот дека основни извори на информации поврзани со СРЗ надвор од училиштето претставуваат родителите (56,36%), при што тоа е повеќе застапено кај девојчињата (64,16%) отколку кај момчињата (47,77%). Електронското добивање на информации поврзани со СРЗ - Интернетот котира прилично високо кај учениците (53,64%). И овој начин на информирање е позастапен кај девојчињата (60,69%) во однос на момчињата (46,50%). Учениците од албанска етничка припадност повеќе информации добиваат од другарите (44,00%) во однос на учениците од македонска етничка припадност (36,86%).
- 35% од наставниците  сметаат дека содржините кои се однесуваат на СРЗ и неговата заштита треба да продолжат да се предаваат како и досега, додека 43% сметаат дека за овие содржини треба да постои изборен предмет, а за 19% од нив добро би било за овие содржини да постои редовен предмет.
- Најголеми предизвици за наставниците при реализација на содржините од СРЗ се времето (50%) и дополнителните материјали и информации (46%). Во иста линија, според наставниците, се и условите кои им се потребни за да имаат непречена и добра реализација на содржините од СРЗ. Имено, според нив, на прво место се потребите на учениците, односно потребата од дополнителни материјали за учениците (55,45%). Но, во голема мера од 52,73% им се  потребни дополнителни  прирачници и алатки и на наставниците. Тука треба да се истакне и искажаната потреба од обуки за наставниците. Најмногу од нив (29.09%) се изјасниле за надградба на своето знаење на темата заштита од сексуално преносливи инфекции, 24.55% искажале потреба за темата предрасуди и дискриминација, 23,64% за заштита од ХИВ/СИДА, а за планирање на семејството и заштита од несакана бременост се изјасниле 20,91.
- Нешто што е многу впечатливо преку целата анализа на податоците е поголемата информираност и заинтересираност за содржините од СРЗ од страна на  девојчињата, воопшто (од албанската и македонската припадност), во однос на момчињата.
- Конечно, нешто на што треба да се обрне посебно внимание е компаративното согледување на содржините од СРЗ кои се застапени во наставата. Според учениците, содржини кои се обработуваат во наставата се: заштита од ХИВ/СИДА (75%), (73,64%) пубертет, човекови права (65,45%), заштита од сексуално преносливи инфекции (62,42%), полови органи со 59.39%, правата на децата застапена со 56,36%. Содржините за кои кај учениците постои интерес: прв сексуален однос 50%, прва љубовна врска 46%, врски и симпатии 36%, како да избегнам закани и малтретирање на училиште 32%, каде да побарам помош ако ми е нарушена приватноста 30%, наспроти содржините кои според наставниците треба да бидат позастапени во наставата: соочување со навредливи коментари на Фејсбук со 58,18%; како да избегнам закани и малтретирање во училиште со 50.00% (52,00% АЛБ и 49,41% МК); каде да побарам совет за моето сексуално здравје со 49,09% (50,59% МК и 44.00% АЛБ); кога е најдобро да се има првиот сексуален однос со 48.18%, (54.12% МК,28.00% АЛБ).

# БИБЛИОГРАФИЈА

**1. Здравјето како квалитет на животот** - Социјални не еднаквости меѓу младите во Република Македонија Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSC):Извештај, 2013

**2. Извештај од истражувањето за ризични однесувања поврзанисо ХИВ/СИДА кај млади лица во Македонија на возраст од 18 до24 години.** Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерствозаздравтво, 2011

**3. Љубов само по часови: проценка на потребата и на достапноста на информациите од областа на сексуалното образование во Македонија,** Жарко Трајаноски, Надица Јанева, Бранкица Младеновиќ.- Скопје: Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2010.- 64 стр.: табели ; 21 см

**4.** *Луческа,Ирена.* **Политиките и практиките за примарна превенција и рана детекција на цервикаленканцер во Македонија**. Х.Е.Р.А., Скопје 2010

**5.** ***Национална стратегија за СРЗ во Република Македонија 2010-2020*** - Нацрт-верзија - Министерство за здравство на Република Македонија - Скопје,2009

**6. Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта**, УНИЦЕФ, Биро за развој на образованието, Алгоритам Центар. 2009

7. *Младеновиќ Б*. **Знаења, ставови и постапк и поврзани со употреба нак онтрацепција кај средношколците во градот Скопје**, 2007 (магистерскатеза)

**Квантитативна студија: Пристап до услугите за СРЗ меѓу средношколската популација во главни градови на Балканот.** Меѓународен центар зарепродуктивноздравје, 2004.

**8.** *Maynard R.A.* **The study, the context, and the findings in brief. Kids having kids: Economic costs, and social consequences of teen pregnancy.** Urban Institute Press, 1997 Hoberaft

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

A Member Association of
IPPF
International Planned Parenthood Federation
European Network

Центар за стручно образование и обука